Окно, специјално издание по повод 11 октомври 2011

1941–2011 70 ГОДИНИ АНТИФАШИЗАМ

Содржина


Проглас од АВНОЈ
Задачата на партизански одреди

стр.2/3

Манифест од првото заседание на АСНОМ

стр.4/5

Крсте Црвенковски
Заробена вистина

стр.6/7

Тодор Атанасовски
На вистинската страна

стр.8/9

Ендрју Росос
Војната и револуцијата (1940-1949)

стр.10/12

Никола Гелевски
Народни партизански песни

стр.13

Бранимир Стојановиќ
Партизанот, Леонард Коен

стр.14

Сликите на Тито
Умберто Еко
Прафашизам

стр.15/16


**Ние живите учесници во Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија 1941 – 1945 година прославувајќи ја 70 годишнината од 11. Октомври 1941 година кога започна Народното востание против фашистичкиот окупатор и Денот на борецот ја обнародуваме оваа**

# Генерациска порака



Цртеж: Василие Цицо Поповиќ, Фашистичка парада, 1945

### ГЕНЕРАЦИСКА ПОРАКА

Пораката ја донесуваме на овогодишниот наш свечен собир со прекрасната симболика „Средба на генерациите", посветена на најзначајниот ден од поновата историја на македонскиот народ и на припадниците на другите етнички заедници во Македонија.

Носејќи ја во своето човечко битие таа, епохална, единствена победничка и државотворна војна во Македонија. Од наше име и од нашиот пиетет кон заветот на борците, кои ги положија своите животи на олтарот на татковината или починаа и длабоко почитувајќи го нивното и наше заедничко дело со кое се извојува слободата и се создаде државата Република Македонија, велиме:

### 1. ДА СЕ ЗНАЕ И ПАМЕТИ:

Во таа пресудна и решавачка 1941 година кога македонскиот народ се најде под суровата фашистичка окупација, кога се закануваше целосно негово разнебитување и денационализирање, неговите најпрогресивни сили ја имаа таа решителност и храброст да се определат на вистинската страна – светската Антифашистичка коалиција во жестоката војна против мрачниот фашизам и безочниот окупатор. Истовремено, имавме доблест и визионерство, прифаќајќи го аманетот од претходните генерации за нов и победоносен Илинден, да ја претвориме таа борба во Народноослободителна и државотворна. И тоа и за македонскиот народ и за сите народи што со него ја делеа заедничката судбина. Со таквата платформа во самиот почеток се обезбеди цврсто национално единство како основен услов за победата и оневозможи формирање на какви било порелевантни политички и воени колаборационалистички сили кои би го скршнале патот на нашата вооружена борба кон некои други немакедонски определби и цели.

### 2. ДА СЕ ЗАПРЕ РЕВИЗИЈАТА НА НОАВМ

Ние борците не прифаќаме: зошто во овие две децении на суверена и самостојна Република Македонија, упорно и систематски, не само од поединци, туку и од релевантни политички партии и учесници во власта, се омаловажуваат, искривуваат и негираат историските резултати, настани, личности, вредности и придобивки на таа борба и се скрнавaт нивните споменични обележја. Притоа историската вистина е фрлена под нозе и се гази и пред очите на оние кои ја избориле, а кои денеска се омаломоштени и од годините и од насилното атакување врз нивната организација – Сојузот на борците, која со граѓаните антифашисти и продолжувачи се залага да го одржи пиететот кон тие победоносни страници на македонската историја.

Точно е дека Комунистичката партија на Македонија, во рамките на Комунистичката партија на Југославија, предводена од Јосип Броз Тито, која прва го прифати постоењето на македонскиот идентитет во Југославија и во својата програма ја внесе борбата за национална слобода и рамноправност на југословенските народи, вклучувајќи го и македонскиот народ, го подготвуваше, го организираше и предводеше вооруженото востание на Македонија, затоа што таа беше единствената политичка сила која остана со народот. Другите наведнаа глава, станаа слуги на окупаторот или се сетија за македонската слобода и државност откако тие беа изборени. Но историски факт е дека таа борба стана Народноослободителна, тогаш кога народот ја прифати и ја направи своја борба – за национална слобода и своја држава . Така се пееше и се гинеше од самиот почеток. Таа борба беше и заедничка со антифашистичката коалиција и со другите поробени народи на Југославија, во кои најдовме вистински сојузници што го признаваат нашиот национален идентитет и правото на самоопределување и затоа ја прифативме реалната шанса за опстанок на македонската држава, како рамноправен државоправен субјект во заедничката федеративна држава.

Без таа борба ќе го немавме АСНОМ, без АВНОЈ ќе ја немавме Федерална Македонија, а без таа борба и без таа изборена и реализирана државност, ќе ја немавме и денешна самостојна и суверена Република Македонија.

Без оглед на различните состојби и поделената одговорност во нив (на нашата борба и онаа на власта што функционираше во создадената држава) ги прифаќаме принципиелните критики и осуди за одделни слабости, грешки и заблуди, што настанале од исклучивоста на одделни идеолошки позиции, па и остри мерки врз одделни дејци на македонското национално ослободително движење, заради поинакви политички погледи за позицијата на македонската држава и систем. Но, исто така укажуваме дека треба да се знае оти во тие први повоени години имаше и организирани активности на политички сили во земјата и надвор од неа, насочени кон младата македонска држава. Потоа дојде Информбирото и судирот со источниот блок на чело со СССР кога беше загрозен самостојниот опстанок на целата земја, во тие рамки и на Македонија. Кога минаа тие опасности, се напуштија ригидните мерки, се направија рехабилитации па и се воведе изедначување на правата на т.н. прогонувани за самостојноста на Македонија. Но, затоа сметаме дека не смее целиот период од Првото заседание на АСНОМ до осамостојувањето да се прогласи за „ново ропство на македонскиот народ под комунистичкиот режим" и тој да се смести во посебен Музеј на жртвите на комунизмот! Затоа што и покрај идеолошките наметки на системот и пренесениот дел на суверенитетот врз органите на заедничката федерација, Македонија и македонскиот народ и сите етнички заедници во тој период ја остварија својата суштинска национална и општествена преродба со осведочени високи и трајни вредности.

### 3. ЗА НОВ ПОЛЕТ ВО НОВИТЕ БИТКИ НА СЕГАШНИТЕ И ИДНИ ГЕНЕРАЦИИ

Убава симболика има годинашново совпаѓање на двата крупни и историски јубилеи – 70 годишнината од почетокот на НОАВМ и дваесет годишнината од референдумското определување на граѓаните за самостојна и суверена Република Македонија. Искуството нè учи дека оживотворувањето на високите цели по изборената слобода и конституирана држава, се тешки, сложени, и долготрајни. Ако претходните генерации се соочија со последиците на вековните ропства и разурнувањата од војните, но и со неискуство во градењето на првата своја држава, со стегите на еден идеолошки систем и поделениот државен суверенитет, денешните генерации се соочуваат со тешкотиите на долгата транзиција, закочениот економски развој и неопходните општествени реформи, со замките на опасностите од целосна партизација на општеството, со стари и нови идеолошки и етнички поделености и со наметнат спор за името на државата.

Но, длабоко сме уверени и сметаме дека денес Македонија има материјални и човечки ресурси, интелектуален потенцијал и напластена вековна мудрост за да ги разреши натрупаните проблеми, да ги дефинира приоритетите на националните и државните интереси во правец на натамошен развој на Република Македонија, како демократска, просперитетна, стабилна и мултиетничка интегративна и функционална Европска држава. Тоа се фронтовите на битките на денешните и утрешните генерации!

Верувајќи во силите, способноста, знаењето, храброста и самопрегорот на новите млади генерации, ние учесниците во Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија ја истакнуваме актуелната потреба за поврзаност на темелните вредности и придобивки на таа борба: ослободителниот карактер на човековата творечка енергија, богатството на мултиетничкиот соживот и современата актуелност на денешниот антифашизам во функција на трајна брана против силите на мракобесието, тоталитаризмот, сејачите на омраза и ретроградниот национализам, со актуелните стратегии на денешниот развој на Република Македонија.

Долг е на денешните и утрешните генерации да ја зачуваат тешко спечалената со многу крв, саможртви, труд и самопрегор, слобода, како и државата Македонија, да имаат критичен поглед кон минатото, нема и да се гордеат со него и со достигнатото, со што ќе ги надраснуваат и надоградуваат слободата и државноста со нови демократски, економски, културни и општествени вредности за да Македонија ги достигне европските висини на земја со достоен и благодетен живот за своите граѓани.

За таква вековита и просперитетна Република Македонија вреди да се живее и да се бори непрестајно!

Учесниците на Средбата на генерациите, одржана на 8. октомври 2011 година во Скопје

## Спасоносниот настан

Помеѓу „Минатото кое трае долго" (наслов на книга на југословенскиот надреалист Душан Матиќ) и „Иднината која трае долго" (истоимена книга на Луј Алтисер) постои минатото кое не поминува, а кое всушност е сегашност, онаа што ја градиме чистејќи го патот кон новото, минувајќи секогаш и одново покрај она што е направено. Да се направи денес детален, прецизен, интегрален биланс на социјалистичкото искуство, не само од страната на ужасот (направен во име на комунизмот), туку од страната на она што во него е неминливо, еманципаторско, за сите времиња, врз што ќе стојат темелите на секое вистински ново, ни се чини како неодложна нужност и единствен пат кон тоа посакувано ново. Само тогаш ќе може да биде остварена хипотезата на вистинскиот почеток за којшто зборува и Алан Бадју. Оддалечувајќи се од „месијанскиот став, очекувањето на спасоносниот настан" кој ќе ја донесе толку посакуваната новост, да потсетиме на блискава теза на Бадју според која „да се подготвиш за почетокот значи да ја впишеш ситуацијата во категориите на мислењето водени од верноста спрема претходниот почеток"; на крајот Бадју заклучува: „Парадокс е што никој не може да го прифати вистинскиот почеток освен оној што е верен на она што било".

Ивана Момчиловиќ

# Проглас од АВНОЈ на народите од Југославија (фрагмент)



Фото: Жорж Скригин, Козарчанка,1944

## Хрвати!

Ве повикуваме заедно во братска заедница со Србите, преку својот Народно-ослободителен фронт, да се соберете околу Антифашистичкото собрание на народното ослободување, да се кренете против четниците, усташите и окупаторот. Ги повикуваме сите офицери и војници од земјата да преминат во редовите на Народно-ослободителната војска, затоа што востанието и борбата се единствениот пат до среќата и независноста на хрватскиот народ!

## Словенци!

Водачите на словенечката народна партија и министрите од владата во бегство, во договор со водството на партијата во Љубљана, мирно ги набљудуваат делата на предавничката бела гарда која окупаторите ја организираа за сузбивање на востанието во Словенија, а која удира против Ослободителниот Фронт кој ги опфати сите слоеви и политички партии, струи и организации на словеначкиот народ. Белата гарда, оваа сламка за која се фаќа владата во бегство, исто како и четничките банди, само ќе продолжат да го зајакнуваат отпорот и борбената сила на словенечкиот народ, кој храбро се бори за својата слобода и татковина против окупаторот.

## Муслимани!

Вие на сопствен грб ја сетивте жестокоста на усташките злочини, извршени против Србите во Босна, Херцеговина и Санџак, тогаш кога крволочните четнички банди почнаа да ги колат вашите деца и жени и да ги палат вашите села и домови. Водачите на Југословенската муслиманска организација ве мамеа за време на деновите на најтешките неволји и несреќи кои усташите ги предизвикуваа со својот колеж на српското население. Денес повеќето Муслимани знаат каде им е местото во заедничката борба со оние кои се борат за рамноправност, братство и верска толеранција.

Босанци и Херцеговци, единствено обединети и сложни, преку своите народно-ослободителни одбори, а во редовите на Народно-ослободителната војска можете за себе да остварите поубава и заедничка иднина. Муслиманите не смеат повеќе да бидат стока околу која ќе се наддаваат великосрпските пљачкаши... расипници и изроди, а сè за тоа да може да владее овој или оној. На сите вас, и на Србите и на Хрватите и на Муслиманите, потребна ви е искрена и братска соработка за да може Босна и Херцеговина како единка да напредува во нашата братска заедница, на задоволство на сите, без разлика на вера и партија.

## Црногорци!

Немојте да дозволите предавничките четници да ги валкаат најголемите и најславни денови од црногорската историја: деновите на херојска борба против окупаторот. Во борбено братство со сите југословенски народи, црногорскиот народ конечно ќе ја оствари својата слобода и независност, во слобода и братство со сите народи од Југославија.

## Македонци!

Фашистичките империјалисти, исто како и великосрпските и великобугарските хегемонисти, му донесоа само несреќа и ропство на големиот македонски народ, чијашто татковина ја претворија во монета за кусурење на своите империјалистички интереси. Вашата слобода лежи во нашата борба. Придружете се на народно-ослободителната борба на сите народи на Југославија.

## Срби!

Вие најсилно ја почувствувавте фашистичката политика на истребување на нашиот народ, токму вие моравте да ја сносите целата тежина на последиците од великосрпската политика на угнетување од страна на сите југословенски режими. Ве повикуваме одлучно, снажно и сложно да удрите против фашистичките освојувачи, против четничките и усташките предавници и да не дозволите гробарите на вашата слобода, оние кои заедно со фашистичкиот окупатор ги заклаа вашите најдобри синови, сега да го истребат хрватскиот народ. Кренете се сите на оружје, во голема ослободителна војна против окупаторот, за слобода и братска заедница на Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и Македонија.

***

Антифашистичкото собрание на народното ослободување денес од својата средина го избра својот Извршен одбор со претседател и три потпретседатели.

За војничко водење на народно-ослободителната војна, Антифашистичкото собрание на народното ослободување му изразува неограничено и потполно признание и благодарност на Врховниот командант другарот Тито.

Повикувајќи ги сите народи во Југославија да го помогнат со сите расположливи сили и средства Антифашистичкото собрание на народното ослободување во извршувањето на неговите тешки должности, а особено во напорите кои ќе ги вложи за остварување единство помеѓу народот и војската, помеѓу позадината и фронтот, и очекувајќи од народот до совршенство да ја развие започнатата акција околу снабдувањето на Народно-ослободителната војска и партизанските одреди, да извикаме:

Да живее нашата Народно-ослободителна војска и партизанските одреди!
Да живее ослободителната борба на нашите народи!
Да живеат нашите сојузници, Советската Унија, Англија и Америка!

**Смрт за фашизмот – Слобода за народот!**

Извор: Според Записникот од Првата редовна седница на Првото заседание на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија (одржано од 26 до 30 ноември 1942 во Бихаќ); Просвета, Београд, 1983, стр. 80-85
Превод: Жика Гроздановски

# Задачата на народно-ослободителните партизански одреди



Цртеж: Ѓорѓе Андреевиќ - Кун

1) Народно-ослободителните партизански одреди во сите области на Југославија – Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Босна

**Најголемиот непријател на слободата и независноста на нашите народи е германскиот фашизам, па потоа сите останати негови фашистички трабанти, кои пустошат низ нашата земја.**

и Херцеговина, Македонија, Војводина, Санџак и Далмација – имаат главна цел: ослободување на народите на Југославија од окупаторот и борба против домашните окупаторски агенти, кои го помагаат угнетувањето и тероризирањето на нашиот народ.

2) Најголемиот непријател на слободата и независноста на нашите народи е германскиот фашизам, па потоа сите останати негови фашистички трабанти, кои пустошат низ нашата земја. Според тоа, света должноста на сите родољуби е немилосрдно да се борат до целосно уништување на таа фашистичка банда.



Цртеж: Ѓорѓе Андреевиќ - Кун

3) Партизанските одреди се нарекуваат народно-ослободителни и затоа што тоа не се борбени формации на која било политичка партија и група – во конкретниот случај ни на Комунистичката партија, без разлика на тоа што комунистите се борат во првите редови – туку се борбени одреди на народите на Југославија во кои треба да се борат сите родољуби способни за вооружена борба против окупаторот, без разлика на политичкото убедување.

**Партизанските одреди мораат со оружје во раката да ги бранат населбите, градовите и селата од фашистичките зулуми, тие мораат да го штитат имотот на народот до окупаторскиот грабеж.**

4) Во таа општа борба со непријателот на нашите народи партизанските одреди имаат многубројни задачи. Тие мора да ги уриваат сите објекти кои служат на фашистичките освојувачи: железници, мостови, фабрики, работилници, складишта за муниција и оружје; тие мора со сите сили на окупаторите да им оневозможат од селаните да ги одземаат житото, стоката и другите намирници; реквирираното жито, стоката и другите намирници треба со сила да се одземат од окупаторот и да се поделат на народот, а потребната количина да се задржи за исхрана на одредот. Партизанските одреди мораат да оневозможат собирање на даночните и други давачки, зашто во денешниот миг сето тоа им служи само на окупаторите за водење освојувачки војни и понатамошно угнетување на нашите народи.

5) Партизанските одреди мораат со оружје во раката да ги бранат населбите, градовите и селата од фашистичките зулуми, тие мораат да го штитат имотот на народот до окупаторскиот грабеж.

6) Партизанските одреди мораат на секој чекор да ги уништуваат фашистичките одреди, особено офицерите и гестаповците, црните кошули итн. Исто така треба немилосрдно да се уништуваат нивните домашни агенти, разни народни предавници и провокатори, кои во рацете на фашистичкиот крвник ги предаваат најдобрите синови на народот и кои служат како верни кучиња на окупаторите и го тероризираат народот.

7) Партизанските одреди мораат неуморно да го развиваат отпорот на народот подигнувајќи народни востанија и ставајќи се на чело на тие востанија како борбено јадро. Досегашното искуство на партизанската борба покажа дека се занемаруваше прашањето за општото народно востание. Затоа е потребно итно да се уништи тој недостаток, зашто во спротивно може да се случи партизаните да бидат изолирани од масите кои се подготвени да се борат за својата праведна цел.

8) Политичката линија на партизанските одреди мора да биде – Народно-ослободителен антифашистички фронт на сите народи на Југославија, без разлика на политичките и на верските убедувања.

**Политичката линија на партизанските одреди мора да биде – Народно-ослободителен антифашистички фронт на сите народи на Југославија, без разлика на политичките и на верските убедувања.**

9) При создавањето на партизанските одреди не смее да се биде тесноград, туку да се даде можност за широка иницијатива за создавање партизански одреди. Веќе создадените партизански одреди треба веднаш да се поврзат со месните и со окружните штабови и да се стават под нивно раководство.

10) Штабовите и командирите мора будно да внимаваат непријателот во партизанските одреди да не вметне свои провокатори и шпиони. Ако се појават такви лица, треба веднаш да бидат стрелани и да се објават нивните имиња.

11) Штабовите и командирите на партизанските одреди мораат строго да внимаваат на дисциплината во одредите. Секој чин на грабеж, предавство или груби повреди на дисциплината треба строго да се казнуваат.

12) Штабовите мора да водат грижа за исхрана на борците, за наоружувањето и друго. Исхраната треба да се организира заедно со комитетите на Народно-ослободителниот фронт, кои треба да собираат Фонд за народното ослободување. Во случај некаде сè уште да нема такви комитети, треба со доброволна согласност на селаните и на граѓаните, да се осигури исхраната или намирниците да се плаќаат во готово.

13) Сите партизански одреди со своите штабови од Хрватска, Србија, Словенија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Војводина, Далмација, Македонија и Санџак, се под врховното раководство на Главниот штаб на народно-ослободителните партизански одреди на Југославија.

Заради координирана борба и успешно водење на операцијата, штабовите мора да бидат меѓусебно добро поврзани.

14) Штабовите и командирите мораат да се погрижат за потребниот санитетски материјал и за оние коишто ќе се грижат за ранетите и болните.

15) Со создавање пошироки востанија на народните маси ќе се создадат и потребните команди. Затоа е потребно штабовите и командирите на партизанските одреди да се погрижат за проверени и добри командири и комесари, кои треба да застанат на чело на тие побунети маси.

16) Во случај на поволни стратешки и други околности при изведувањето на крупните операции ќе се создадат, според потреба, крупни воени единици составени од повеќе партизански одреди.

За Главниот штаб на
народ.-ослоб. партиз. одреди
Т. Г.

Првпат објавено во: Bilten Vrhovnog štab narodno-oslobodilačke vojske Jugoslavije, broj 1 od 10. VIII 1941.

Превод: Ѓорѓи Крстевски

Цртеж: Божидар Јакац, Сликарот Франце Михелич, 1944



# Манифест од првото заседание на антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија до македонскиот народ



Фреска: Борко Лазески, Сутјеска 1972

Македонски народе,

Во дните на најголемите световни сатресенија, во времето на најкрвавата борба на македонскиот народ, твоето прво Народно Собрание, израснато от крвта и животите на најарните свои синови, во твое име излегува пред лицето на цел свет да каже на пријатели и душмани, на сојузници и окупатори, на блиски и далечни, оти македонскиот народ е решен да заживее слободен живот и оти никаква сила на светот не може да му застане на неговиот пат кон полна национална слобода.

Во моментот кога картечниот оган на нашите бригади го уништава крвавиот окупатор од Куманово и Струмица до Тиквеш и Дебар, кога нашата борба оди кон својата највисока точка и кога нејзинит успешен крај стана јасен за секого, првото македонско Народно Собрание излегува со прокламација за полна национална слобода на нашиот народ.

Македонски народе,

Овија историчeски печалби кои ти ги оповестува твоето прво Народно Собрание не се ни случајни ни аризани. Тиа се плод од реки пролеана крв и од купишта коски посејани од едниот до другиот крај на Македонија. Во петвековниот ропство разни поробувачи е грабеа твојата земја и го поробуваја твојот народ. Единото средство које не можеше да ти биде ограбено, беше борбата. Тaja остана најсилното оражје во твоите раце и ти помогна да не бидеш збрисан како народ.

Во следните денови на Илинденското востание и Крушевската република, ти разбра колкава е силината на това оражје. Илинденското востание откри пред цел свет колку е тврда твојата решеност да не бидиш роб на никого, ами да заживееш како слободен народ. Илинденската епопеја ти покажа и тебе колку е силна твојата тупаница кога се подигна за извојуване на слободата. И токмо така сила ги заплаши твојте скриени и отворени душмани - империјалистите од комшиските балкански држави.

Уплашени од тaja борбена сплотеност тие се опитаја со својата отровна пропаганда да те разединат за полесно да те поробат. И, благодарение на предатели и изменици во твоите редови, ти ја дочека решителната 1912 год(ина) разгнеднен, закрвавен, неорганизиран и твојата земја бидува разделена меѓу империјалистичките грабители. Во 1919 год(ина) се повторува срамната делба на Македонија, и ти не куртули од јаремот на ропството.

Македонски народе,

Впрегнат во невидено економско ропство, одречен како народ, обезправен политички, заостанал просветно, ти беше през 23 годишниот живот под великосрбското ропство доведен во положение на колонијален народ. Србизирањето стана националното гесло на белградските реакционери, занданите - нимното единствено умиротворително средство, економскиот грабеж - нимниот стопански принцип. Това што те одржа за тие тешки години, това беше твојата борба против великобукарските грабачи и нивните македонски измеќари. Во тaja борба ти прогледа и узреа политички, во неа ти си ги најде својте, најдобри сојузници. Това беа другите поробени народи на Југославија. Това беше и братскиот српски народ зад чие име се криеја поробувачите од белградската чаршија. Во борбата против великосрбските повелачи, ти го искова своето братство со другите народи на Југославија. Това братство, покрај твојата борба, стана уште една гаранција, за спечалване на слободата.

Македонски народе,

Со подлиот напад на германо-фашиските империјалисти во 1941 год(ина) Југославија бидува прегазена, а Македонија, за четврти пат во 30 години, поделена меѓу фашиските јатаци на Хитлера. Под великобугарската окупација настанаја најтешките години на македонскиот народ. Грабежот зема невидени до тогај размери, македонското селско стопанство бива исцело ставено во услуга на Хитлерова Германија. "Дирижираниот стопански" грабеж ги рашири своите крила над Македонија. Не остана произведение од селското стопанство, које можеше да куртули од реквизиционата експлоатација. Селаните беа бутнати во понорот на бедата. Со ним заедно тонеа во мизерија сите други сасловија. Целото македонско стопанство беше подложиво на најбесрамен грабеж за сметка на фашиската Германија. Бугарските фашиски измеќари се преобрнаја во најверни кучина на Хитлера. Спекулата стана неписан закон . Македонија беше стопански изцрпена. Македонскиот народ потона во дотогај невидена беда.

Дури на една страна се трубеше неуморно старата поробувачка песма оти македонски народ немало, оти ние сме биле асли Бугари, на друга страна се полнеа занданите со чесните синови на Македонија, а во полицејските участаци со инквизаторски методи се мачеа народните борци. Војно-полевите судови работеја усилено, интернациите обухватаја цели села и околии, на бесилките увиснаја најдобрите синови на Македонија. Крвожедниот фашиски окупатор тргна кон физичко истребување на македонскиот народ. Модерните Хуни ги надминаја во крволочноста најсуровите турски катили.

Македонски народе,

През долгите години на ропството, тешката стварност те научи оти ти против подлите поробувачи имаш само едно сигурно оражје: борбата. И ти машки го стегна това оражје. Во позивот на КП на Југославија за борба, ти ја чу савеста на најдобрите твои синови. Во нејзиниот револуционерен дух ти ја осети бунтовната силина на еден поробен народ. Во нејзината организациона стегнатост ти го виде твојот водач и умен организатор. Во нејзината доследност ти виде гаранција оти борбата ќе биде изведена до победоносен крај - и ти не се поколеба да тргнеш со смелиот водач и организатор. Револуционерните традиции на Илинден пак оживеа. Настануваат најславните години во твојата историја, настанува епопејата на светата народна ослободителна борба, во која ти се препороди како народ и се осети оспособен да си ја земиш садбата во сопствените раце. Во неравната борба, во која ти влезе смело, израсна од малите партизански одреди - првата во твојата историја Народнослободителна војска, која го прослави македонското име по цел свет и стана страх и трепет за фашискиот окупатор.Сјајните победи при Кичево, Дебар, Тушин, Ристовац, Злетово, Кратово и Струмица се славна историја на твојата војска. Ослободувањето на Македонија е нејзиниот свештен завет. Надахната со љубовта за својот народ, запоена со духот на Делчев, одушевена со борческиот елан на Тито, твојата војска ќе го исполни тој свештен завет и нема да го испушти оражјето од рацете дури последниот окупаторски војник не биде избркан од нашата татковина, дури последниот воен преставник и предател не добие заслужено наказание и дури слободата не биде исцело извојувана и осигурена.

Македонски народе, Изненаден от твојата сплотеност, исплашен од смелите удари на твојата војска, поганиот фашистички окупатор разбира оти сам нема да може да се додржи во Македонија. По стариот обичај на сите пробувачи, тој побара и најде водач на Народно-ослободителната борба и да ја закопат за вечни времина слободата на македонскиот народ. Фрлајќи лаги и одвратни клевети против нова, демократска и федеративна Југославија, тие сакаат да го турнат македонскиот народ во поразениот лагер на фашистите и да го дотерат утре на оптуженичка клупа заедно со фашистичките злочинци.

Велико-српските хегемонисти на Дража Михајловиќ и Милан Недиќ, демаскирани како слуги на окупаторот и отфрлени од српскиот народ, презрени од демократската светска јавност, разбиени исцело во Македонија, притаени во разни германски претпријатија, дебнат момент да се фрлат на македонскиот народ и пак да го прегнат во јаремот на белградските шовинисти.

Во Западна Македонија уште живеат албанските фашисти околу криминалците Џемо и Мефаил. Потпомогнати од Чкатровци и Коцаревци палат тие македонски села и крволочно го избиваат македонското население.

Сите овие браќа во криминалот и душмани на македонскиот народ се верни слуги на истиот господар - крволочниот Хитлер. Но ти брзо ги откри пеколските планови на овие злочинци и им даде достоен одговор. Немилосрдната борба против фашизмот и крвавиот великобугарски окупатор, то беше твојот одговор на нивните опити да те впрегнат во јаремот на фашиското ропство. - Разбивањето на контрашките банди уште во нивниот зародиш, то беше твојот одговор на нивниот опит да го разделат македонскиот народ и да е удушат неговата борба. - Нераздружимото братство и единство со другите народи во Југославија, то беше твојот одговор на нивните опити да те осамотат во борбата. - Изградувањето на нова, демократска и федеративна Југославија на чело со маршал Тито и твојата сплотеност во редовите на Народно ослободителниот фронт на Македонија, то е твојот одговор на сите планови на великосрпските хегемонисти и на разбојнички прохтеви на големоалбанските фашисти. То е денес твојот одговор на сите овие душмани - твојата праведна борба за слобода. Утре никаква сила нема да ги спаси овие продадени души од немилосрдниот народен суд. Никаква сила нема да ја запре твојата осветничка тупаница да ги разбие главните на овие гнасни изроди и подли поробувачи. Никаква сила нема да ја намали твојата величанствена борба за слобода. Борбата за твојот праведни идеали се најдува пред победоносен крај, пред полна национална слобода.

**През долгите години на ропството, тешката стварност те научи оти ти против подлите поробувачи имаш само едно сигурно оражје: борбата.**

гнасни изроди, готови за фрлената коска да го продадат собствениот народ. Чкатровци и Ѓузеловци, Китинчевци и Ципушевци се натпреваруваат кој посрамно да те продаде. Од шпионското служение на фашистичкиот окупатор, овие одвратни јуди стигнаја до организиране на банди, саставени од најкриминални албански и домашни елементи, за борба против нашата Народно-ослободителна војска, за крволочно избиване на мирното македонско население и за палење на македонските села.

Уплашениот фашистички окупатор сега ја фрли и последната карта во борбата против македонскиот народ. Крволочната банда на Ванчо Михајлов, потоната во невината крв на толку македонски синове, пак се јавува на предателската сцена, овој пат на чело со познатиот фашистички агент Александар Станишев. Професионалните убијци од софијските улици прават сега јалов опит со терористични јадра од коцкари и пијаници да ја отежнат праведната борба на македонскиот народ за слобода.

Во борбеното единство на македонскиот народ со другите народи на Југославија, овие погани изроди ја гледаат најголемата опасност за своите противнародни планови. - Удрајќи бесно против српскиот народ, тие сакаат да удрат против единството на братските народи во Југославија, да го одделат македонскиот народ од нив, да го осамат во борбата и, изолиран од неговите сојузници, полесно да го уништат. Со својата бесна компанија против Маршал Тито, тие се опитаха да го отделат македонскиот народ од генијалниот

Македонски народе,

Од тешките борби и пролевената крв на најдобрите македонски синови излегува денес првото Народно Собрание, тој симбол на твојата слобода и изразител на твојот суверенитет, и ја прокламира пред цел слобода и изразител на твојот суверенитет, и ја прокламира пред цел свет полната национална слобода на македонскиот народ во ПРВАТА СЛОБОДНА

МАКЕДОНСКА ДРЖАВА. Вековниот идеал на македонскиот народ се постигнува. За прв пат после Самоила македонскиот народ створи своја собствена држава; за прв пат македонскиот народ ќе се осети во Македонија како во своја кукја; за прв пат тој стана не дребна пара во сметките на грабежливите сили, ами слободен народ во слободна држава. Това е најголемата придобивка во историјата на нашиот народ, спечалена во гигантскиот антифашистички фронт со крвта на најдобрите синови на Македонија и со помошта на другите народи на Југославија, осигурена во нова, федеративна заедница на народите на Југославија.

Тргајќи од животните интереси на македонскиот народ, од неговите заеднички борби со другите народи во Југославија против големо-српската хегемонија и од скапите жертви дадени против заедничкиот фашиски окупатор, првото македонско Народно собрание изјавува во твое име оди МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВЛЕГУВА КАКО НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДЕН И РАВНОПРАВЕН ЧЛЕН ВО НОВА, ДЕМОКРАТСКА И ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА, на принципите установени на ИИ заседание на Антифашиското веќе на народното ослободуване на Југославија (АВНОЈ), на кое му се признаја правата на национална слобода. Со това, македонскиот народ станува градител на нова Југославија, која е дело и израз на нераздруживото единство и братство на сите нејзини народи, и најголемата гаранција како за слободата на секој отделен народ, така и за слободата на сите народи во Југославија заједно. Като дел на нова, демократска и федеративна Југославија, македонскиот народ станува сојузник на големите сили победителки.

Тргвајќи од вековните идеали на македонскиот народ, првото македонско Народно Собрание го прокламира пред цел свет своето праведно и неостапно сакање ЗА ОБЕДИНЕНИЕ НА ЦЕЛИОТ МАКЕДОНСКИ НАРОД на принципите на правото за самоопределуване. Со това ќе се тури крај на робството на македонскиот народ во сите негови делови и ќе се создадат условија за искрена солидарност и мир между балканските народи.

Бидејќи свесно оти фашизмот е најголемиот враг на малите народи и на славјанството, првото македонско Народно собрание тржествено изјавува оти македонскиот народ нема да го остави оражието дури фашизмот со сите негови помагачи не биде исцело разгромен.

Борејќи се за слободата на македонскиот народ, првото македонско Народно Собрание ги ПРОКЛАМИРА ПРАВАТА НА ПОЛНА СЛОБОДА И РАВНОПРАВНОСТ НА СИТЕ НАРОДНОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА.

Македонци и Македонки, браќа и сестри!

Првото македонско Народно Собрание ги прокламира овија свети принципи во момент кога братската победоносна Црвена армија, стапува на германска земја и незадрживо оди кон Берлин, кога нашите англо-американски сојузници на запад го пробија атланскиот зид на Хитлеровата европејска зандана, кога сојузничките армиии од југ настапуваа кон Алпите, кога приказаната со смелост Титова армија се готви да тргне на Белград, Загреб, Љубљана, Сарајево и Скопје.

Првото македонско Народно Собрание ги прокламира овие големи принципи во согласие со основните решенија на Московската и Техеранската конференција, кои ги гарантираат правата на слободен живот на секој народ, ангажиран во борбата против фашискиот окупатор.

Во овија дни се решава садбата на нашиот народ за векови. Историјата ве поставила пред судбоносна проба. Од вас зависи дали Македонија ќе биде зандана за робови или слободна татковина на слободни луѓе.

## МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВЛЕГУВА КАКО НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДЕН И РАВНОПРАВЕН ЧЛЕН ВО НОВА, ДЕМОКРАТСКА И ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА.

Жертвите на вашие браќа и правоборци ве викаат на последен јуриш. Сетнината ваша и сетнината на нашата родина ве викаат на последен, одлучен бој. Наредете се сите во народно-ослободителниот фронт и докажете оти сте достојни синови на еден јуначки народ. Дигнете се сите против крвавиот окупатор и докажете оти сте способни да си ја спечалите слободата и изградите сами сетнината.

Македонци под Бугарија и Грција,

Обидениeто на целиот македонски народ зависи од вашето участие во гигантскиот антифашистички фронт. Само со борба против подлиот фашиски окупатор ќе го спечалите правото на самоопределуење и обединение на целиот македонски народ под покровот на Титова Југославија, која стана слободна заедница на слободни и равноправни народи. Нека борбата на македонскиот пиемонт ве одушеви за посмела борба против фашискиот поробувач! Нека патот на овој дел на Македонија стане и ваш пат, оти само тој води кон слободата и обидениeто на целиот македонски народ! Нека вашето участие во сеопштата антифашиска борба им даде живот на принципите прокламирани на првото македонско Народно Собрание и нека ги збрише искуствените граници који разделија брат од брат, Македонец од Македонец.

Браќа Арнаути, Турци и Власи,

Поробувачите на Македонија од везден сакале да не разделат и скарат за полесно да ја владат нашата татковина и да ги грабат нашите народи. Тешкото минато ни покажа оти интересите на нашите народи са исти, а нивната садба заедничка. Во овие решителни моменти сите ние изградуваме слободна Македонија. Каква Македонија ќе изградиме, таква ќе ја имаме.

Вашите синови учествуват во македонската војска и земат веќе командни места. Вашите првоборци учествуват како пратеници - народни претставители во Народното Собрание. Првото македонско Народно Собрание е прокламира слободата и равноправноста на сите народности во Македонија. Мобилизирајте ги сите сили поскоро да ги оствариме неговите свети принципи. Учествувајте равноправно во борбата против окупаторот за да можете равноправно да учествувате во изградувајњето на слободна Македонија - слободна татковина на сите народности.

Илинденци,

Крвавиот фашиски окупатор спекулира со вашите жертви и со вашата крв. Тој срамно ги изопачува целите на вашата несебична борба во миналото. Тој се опирва да го сроза вашиот авторитет, употребувајќи ве како перде за страшниот грабеж и терор спроведуван над вашата земја. Тој подмолно се опитва во најрешителните моменти да го раздели вашиот народ на стари и млади.

Се исполнуват целите за кои вие сте се бориле. Македонија врви кон својата слобода, кон непостигнатиот идеал за кој хиладници ваши другари ги дадоа својте животи во Илинденската епопеа. Вашиот првоборец и другар Димитар Влахов е еден од нашите водачи. Вашето место е покрај вашите синови и внуци. Напред во борбата за идеалите за кои вашата генерација се бореше, а нашата ги исполнува! Напред стари и млади за изградуване на слободна Македонија.

Македонска емиграцијо во Бугарија,

Ропството на нашата македонска родина ве отдели од вашите куќи, од вашите блиски, од вашите села и градови. Тешката садба на вашата поробена татковина ве фрли во лапите на подлиот корбурговски диктатор. Во мрачните завоевателни планови на крвавиот кобурговски дворец, на вас ви беше предопределена ролјата на воени провокатори на Балканот и на камшик во рацете на тираните против слободољубивиот бугарски народ.

Ние синовите на боречка Македонија везден сме правеле разлики между убијците од бандата на Иван Михајлов и чесната македонска емиграција. Ние од везден сме знаеле оти во вашите гради никогаш не престанало да бие едно чесно срце на нашата обшта родина, оти нашите идеали са и ваши идеали и оти во вас никога не угаснало желанието да се најдете пак во вашата слободна и незастранена македонска татковина. Првото македонско Народно Собрание ви испраќа пламени братски поздрави и ве кани во дружна борба за ослободување на Македонија и изградување на слободна Македонска држава. Отврлете ги самоназначените водачи околу крволокот Иван Михајлов! Присаединете се кон нашиот Народно-ослободителен фронт за избркуване на фашиските поробители! Земете участие во ослободувањето на обштата македонска татковина! Дајте го својот дел во нејзиното изградување! Нека нашата сплотеност стане остар одговор на сите поробувачки планови! Нека нашето единство стане страх и трепет за враговите на Македонија! Нека нашиот боречки патриотизам стане гаранција за подобра сетнина на нашата татковина!

Македонски работници!

Вие први разбравте оти фашизмот е ваш најголем душман, најсвирепиот поробител на вашиот народ, и вие први влеговте во светата борба против него. Зад секоја победа во оваја трогодишна борба се крие пожртвованоста на вашите првоборци. Секој успех против крвавиот фашиски окупатор е израснал од крвта на вашите другари.

Во слободна Македонија, во нова Југославија, вие ќе започнете еден посреќен и подостоен за вас живот.

Во предвечерието на слободата ни еден ваш другар не смее да остане на страна од борбата. Напуштајте ги фашиските работилници, фабрики и рудници! Напуштајте ги фабриките во фашиска Германија! Влегувајте во вашата народно-ослободителна војска и станете нејзин грбнак! Со своето масовно участие станете првоборци на Народно ослободителната борба! Со својата храброст станете гордост на нашиот народ! Со својата прикажана упорност изградувајте ја слободна Македонија и станете нејзини најпредани творители! Направете од новата македонска држава вистинска, слободна, и праведна татковина на целиот работен народ.

Македонски селани,

Вие најдобро осетивте на сопствената кожа што значи фашиско ропство. Во овија три години плодовите на вашиот труд се грабеа и се грабат по најбесрамен начин, а на вас ви остава само ропска работа, беда и безправие. Фашиските повелачи ве оставија да живите само за тоа, да можете да работите на нивната војна машина. Од вашиот труд се гојат окупаторските грабачи, а вие останует гладни, голи и боси. Фашизмот ви зеде се, а не ви даде ништо.

Во овије неколко месеци се решава садбата на македонскиот народ. Садбата на Македонија е садба на македонскиот народ. Садбата на Македонија е садба на македонските селани, дека вие сте најголемиот негов дел. Не давајте ги својте произведенија на фашиските изедници! Кријте го житото! Избивајте ги реквизионите комисии! Палете ги фашиските општини. Не плаќајте данаци на вашите поробители! Влегувајте смело во редовите на нашата војска! Станете сите како еден да ја извојуваме слободата и да ја изградиме слободна Македонија.

Македонски младинци и младинки,

Вие бевте првата жертва на фашиските окупатори и вие кренавте први во борба против нив. Со својата прикажана храброст вие дадовте пример како се служи на народните идеали. Вие денес го чините најборбеното јадро на нашата војска.

Во борбата што се води денес се изградува поарна младинска сетнина.

## Борејќи се за слободата на македонскиот народ, првото македонско Народно Собрание ги ПРОКЛАМИРА ПРАВАТА НА ПОЛНА СЛОБОДА И РАВНОПРАВНОСТ НА СИТЕ НАРОДНОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА.

Слободна Македонија вие треба да (ја) изградите. Со сите сили помогнете за спроведуеното на решениата на АСНОМ и (за) изградуенето на новата народна демократична власт во Македонија и (на) нашата Македонска држава.

Борци од Народно-ослободителната војска на Македонија, партизани, војници, офицери, подофицери и политички работници,

Со вашата прикажана смелост вие го разнесовте македонското име по цел свет. Со својата безпримерна пожертвуваност вие му натеравте страв во коските на фашискиот окупатор. Со крвта на најдобрите свои другари вие е исписавте славната историја на македонскиот народ. Победата е близу, но требат уште напори да се извојува слободата на македонскиот народ. Во гигантската борба што се води денес, вие не сте сами. Вие сте дел на славната Народно-ослободителна војска на Југославија и како такви - сојузници на победоносната Црвена армија и на англоамериканските војски, кои ги задават последните удари на фашискиот окупатор.

Запалените села по цела Македонија ве канат на освета! Поробениот македонски народ чека од вас слобода! Држете го уште поцврсто оражието спечалено со крв, јакнете ја уште повеќе вашата дисциплина и воена вештина! Дигнете го уште повисоко знамето на Гоце Делчев! Гответе се за последните удари на фашискиот окупатор! Гответе се за слободуене на Македонија!

Македонски мајки, жени и сестри

Во оваја величанствена борба вие го дадовте својот крвав дел. Во слободата на македонскиот народ вие ќе си ја спечалите и собствената слобода. Во утрешна слободна Македонија, Вие ќе бидете нејзини слободни и равноправни строители.

Учествувајте уште помасовно во народно-ослободителна борба! Мобилизирајте ги сите свои другарки за борба на фронт и работа во тилот. Борците на фронтот имаат нужда од вашата поткрепа. Слободата на вашиот народ имаат нужда од вашата помош. Изградувајњето на новата држава не може да се замисли без вашето равноправно участие. Прегнете ги сите сили за поскоро да ги оствариме принципите првозгласени од првото македонско Народно Собрание.

Македонски народе, браќа и сестри!

Зората на слободата изгрева! Од крвавата борба израсна веќе слободна Македонска држава, во нова, демократска и федеративна Југославија. Но борбата уште не е завршена. Прегнете ги сите сили да се истргне слободата што поскоро, да се сачуваат печалбите на сегашната борба, мобилизирајте ги сите снаги за изградувајњето на нашата држава и направете од неа сретна татковина на среќен народ.

Сè за фронт - сè за победа!

Да живее првата Македонска Држава во нова, демократска федеративна Југославија!

Да живее првото Антифашистко собрание за народно ослободуване на Македонија!

Да живее Антифашиското веќе на народното ослободуване на Југославија!

Да живее националниот комитет, на чело со лубимниот водач на Југославија Маршал Тито!

Да живее нераздруживото братство и единство на народите на Југославија!

Да живее Народно-ослободителната војска на Југославија!

За Антифашиското собрание на народното ослободуване на Македонија:

Президиум:

Претседател: Методи Андонов - Ченто, трговец од Прилеп;

потпредседатели: Панко Брашнаров, учител од Велес и Емануил Чучков, директор на гимназија од Штип;

секретари: Љјубчо Арсов, банкарски чиновник од Штип и Др. Владимир Полежиновски, правник од Кичево;

членови: Венко Марковски, поет од Скопје, Цветко Узуновски, работник од Преспа, Богоје Фотев, землоделец од с. Бистрица - Битолско ген(ерал)-мајор Михаил Апостолски, командант на НОВ и ПОМ, од Штип, Страхил Гигов, н(ачалник) од персон(алниот) отдел на Гл(авниот) Штаб, Петре Пирузе, адвокат од Охрид, Кирил Петрушев, работник од Скопје, Јован Јоргов, свештеник од с. Дреново, Епаминонда Поп-Андонов проф(есор) од Струмица, Генадие Лешков, землод(елец) од с. Дреново, Бродско, Ќемал Аголи, студент од Дебар, Лазар Соколов економист од Куманово, Вера Ацева, домаќинка од Прилеп, Камбер Хасан, землед(елец) од с. Дисан, Ацо Петровски, кројач од Скопје, Младен Георгиев Челопечки, земл(оделец) од с. Челопек, Лилјана Чаловска, студентка од Битола.

Извор: Зборник на документи од АСНОМ, Институт за национална историја, 1964

## Крсте Црвенковски

# Заробена вистина



Борко Лазески, Скици за фреската за НОВ, 1951-1954

**Прилеп, лето 1940**

Во тој период, на почетокот на 1940 година, Партијата во Прилеп се впушти и во поотворени акции. За една од најударните се сметаше пишувањето пароли со црвена боја - против скапотијата, против војната и сл. При една таква акција настана провала. Меѓу останатите беше провален и секретарот на Месниот комитет Мице Димевски, дрводелски работник, кој дојде на местото на Тиквар кога овој замина во Покраинскиот комитет. Мице успеа да побегне некаде во Србија, каде што порано имаше работено како дрводелски работник. Организацијата беше обезглавена за момент. И тогаш во согласност со ПК на нејзино чело дојде Кузман Јосифовски. Под негово раководство Организацијата направи големи чекори во своето зацврснување, омасовување и активирање низ акции (работнички штрајкови, сè до демонстрации на 2 август - Илинден).

Во раното лето на 1940 година матурирав. Повторно влегов во партиската ќелија а по месец и пол и во МК, сега веќе како секретар на МК на СКОЈ. На седницата на новоформираниот МК на СКОЈ се бираше секретар со тајно гласање. Имаше двајца кандидати - јас и мојот школски другар Благоја Корубин. Добив повеќе гласови и станав секретар. Тогаш некако автоматски секретарите на скоевските раководства стануваа и членови на партиските форуми. Овде останав до есента додека не заминав на студии во Скопје.

Партиската организација во Прилеп во 1940 година разви голема револуционерна дејност. Најсилно беше штрајкачкото движење (кондураџиските, дрводелските и други работници, работниците во Тутунскиот монопол, па и самите тутунари). Во едно сепак релативно мало гратче сето тоа силно се почувствува. Сите, и граѓаните и власта, почувствуваа дека дејствува некоја тајна (илегална) организација. КП почна да се здобива со сè поголем авторитет. Активноста на Партијата кулминираше со големата Илинденска демонстрација во која учествуваа илјадници луѓе. Два-три дена пред Илинден во Прилеп пристигнаа Сретен Жујовиќ, инструктор на ЦК КПЈ и Перо Тиквар, тогаш веќе организационен секретар на Покраинскиот комитет. Тие на седница на МК поставија задача на Илинден да се организира демонстрација. Идејата на Жујовиќ беше на повеќе места во Македонија токму на тој датум народот да се потсети на своето револуционерно минато и да тргне по патот на обновување на борбените традиции.

**Идејата на Жујовиќ беше на повеќе места во Македонија токму на тој датум народот да се потсети на своето револуционерно минато и да тргне по патот на обновување на борбените традиции**

На Илинден, рано утрото поголема група (нешто преку стотина) комунисти и симпатизери излеговме на излет во Плетварско: попладнето (негде прикверечина) слегуваме в град и од кај бившата учителска школа (сега прилепската болница) настапивме со борбени песни и пароли. Спонтано околу нас почна да се собира младина и народ. Прв говорник на Корзото беше Борка Талески. Тој одржа, огнен говор со кој ја распали масата. Потоа се јави Тарцан (Трајко Бошковски). И на крајот, пред џандармеријата да нè растури, на говорницата се качи секретарот на МК Кузман Јосифовски. Целиот настан беше големо изненадување за сите во градот. Настанаа апсења: затворот се наполни. Партијата организира собирање на народна помош и храна за затворениците. Акцијата наиде на масовна поткрепа. Во чаршијата помошта се собираше скоро легално. Властите издвоија четворица меѓу затворениците (Борка Талески, Трајко Бошковски-Тарцан, Методија Андонов-Ченто и Коце Ќурчија) и ги испратија во Белград на Ада Циганлија за да им суди судот за заштита на државата. Поради недостиг на докази судот ги ослободи (неколкумина од нив беа после испратени во новоформираниот концлогор во Иваница). Овие акции придонесоа Партијата да почне да се омасовува и околу неа да се собираат и симпатизери.

Ова мала сторија ја искажав за да се приближам до одговорот на Вашето прашање.

Мислам дека неколку детали беа пресудни за мојата определба да се најдам на левицата во Македонија.

Прво, семејството, кое беше патријархално, но видно патриотски ориентирано. Потоа, гимназискиот амбиент кој влијаше на моето интелектуално и духовно профилирање. Читав, многу читав. Мислам дека само тоа можеше да ја исполни мојата бескрајна љубопитност. Читав сè што ќе ми дојдеше под рака. Не ми беше доволно тоа што го изучувавме како млади комунисти - класиците на марксизмот кои несомнено влијаеја на мојот поглед врз светот. И, овде би го сместил скоевскиот и партиски ангажман, односно окружувањето со личности кои во тие историски времиња и интелектуално и морално беа на страната на прогресот. А, тоа не беше лесно во едно мало место какво што беше Прилеп. Беше потребна памет, човечка смелост и многу дарба да се кренат луѓето на отпор против една реалност која ги државеше во социјална беда, во национална обесправеност, во интелектуална сиромаштија.

Капитулацијата на Југославија, 1941

Тогашната влада на Цветковиќ-Мачек капитулира пред Хитлера и на 26 март потпиша протокол за пристапување на Југославија кон тројниот пакт. Српскиот народ, особено оној борбениот, одлучно се спротивстави на тој акт. Се дигна на бунт и на 27 март се случија големи демонстрации во Белград: нив ги водеа патриотски расположените граѓани, а потоа се вклучија и комунистите и добро ги искористија. Демонстрации имаше и по други српски градови, а некои се одржаа и во Скопје и сл. Српската власт во Прилеп уште со првиот ден на војната почна да се сели, да бега за Србија. Многумина заради злоделата што ги беа направиле се плашеа од одмазда. Партијата заседе став - Србите да не се малтретираат и да им се помогне.

Јас веднаш ја напуштив илегалата и се вклучив во партиската работа. Во Прилеп власта бегајќи остави многу магацини (и од војската) полни со стока. Народот навали да ги ограби магацините. МК на Прилеп даде директива комунистите да се распоредат кај магацините и да се направи некаков ред во делење разна стока на луѓето. На комунистите им беше забрането да земат што било за себе.

Прилепската партиска организација, не чекајќи никакви директиви одозгора, стапи во акција. Веќе на 1 април вечерта се состана Месниот комитет и донесе значајни одлуки. Нивна поента беше - комунистите и народот да му дадат отпор на окупаторот. На состанокот е заземен став за бојкот на новата окупаторска бугарска власт - ниту еден комунист не смее да и служи, а исто така од тоа да се одвраќаат сите чесни граѓани. Се заклучи во прво време да се настапува повнимателно т.е. да се говори „ни аир од Србите, ниту бериќет од Бугарите". Формирањето комисија за собирање оружје и војничка опрема значеше ориентација кон борба, кон вооружена борба. По овој состанок, веќе на 9 април во куќата на Борка Симонот се одржа советување со секретарите на ќелиите и други поистакнати комунисти во градот, советување на кое се пренесоа заклучоците од МК.

Јас бев присутен на советувањето од 9 април. Тие денови започнавме ние, прилепските комунисти, да ја бележиме својата историја на Револуцијата, на востанието на Македонија. Таквиот став на Месниот комитет не беше никако случаен: Организацијата во последните две години пред војната систематски беше подготвувана за настаните кои доаѓаа. Утредента по ова советување мене ме кооптираа во МК на Партијата. Тоа членување во Комитетот не беше за долго. Со идењето на Тиквар во Прилеп дојде и предупредување дека во Месниот комитет имало многу интелектуалци. Всушност, бевме само ние двајца - Борка Талески и јас. И во овој случај дојде до израз постојаното секташтво на КПЈ во однос на интелектуалците. Тоа беше причина за моето излегување од МК.

Ја продолжив активноста како секретар на интелектуалната ќелија. Во неа главно членуваа студенти, еден учител и други. Преку неа одеа врските и со најголемиот број интелектуалци кои не беа во Партијата (беа наши симпатизери). На партиската организација во Прилеп ѝ беше слаба точка селото. Таму нашето влијание беше скоро никакво. Тоа беше, впрочем, главна карактеристика на Партијата во цела Македонија, со исклучок на Битолско и Преспа. Поради тоа МК оформи комисија за работа на село. И ние пливнавме по селата, преку разноразни врски да создадеме барем некоја потпора. Се сеќавам дека на 22 јуни сабајлето 1941 бев во селото Ропотово (во ова село ние имавме организација уште од пред војната). Кога се вратив попладнето разбрав дека Германија го нападнала СССР. За нас тоа не беше баш големо изненадување. Сведоци бевме на големо движење на германски војски од Грција кон север. Бевме свесни дека сега нашата положба коренито се менува, па и самиот начин на борба.

МК на Прилеп истата вечер се состана и донесе заклучоци меѓу кои најважен е тој за отпочнување со решителна вооружена борба против окупаторот. Нема повеќе „чување на кадрите"; се работи за живот или смрт; МК формира и воен штаб на чело со Вера Ацева како началник. Утредента во куќата на Благоја Ристиќ-Бале се одржа партиско советување на кое МК ни ги пренесе заклучоците (на сите секретари на ќелии што бевме присутни и на некои други поистакнати комунисти). Сите потоа веднаш тргнавме во директна работа поврзана со вооружената борба.

Околу амбиентот кој беше карактеристечен за ова време би сакал да изнесам и еден настан кој говори за тоа дека кај нас, македонските комунисти, веќе превладуваше една таква состојба на духот и на свеста која беше врзана за македонската национална кауза. Така, пред да дојдат бугарските окупаторски војски, во Прилеп со автомобил стигна Данаил Крапчев, министер за надворешни работи во придружба на уште некои политичари и државници на Бугарија. Тој беше обиколил неколку места во Македонија за да ја испита положбата. Данаил беше роден брат на мојата баба по мајка ми, Ирина. И се разбира, Данаил дојде во домот на баба ми. Ние дојдовме да го видиме и да го поздравиме „знаменитиот" вујко. За време на ручекот во еден момент тој се сврте кон мене и ме запраша: „А, бе Крстју, се прикажува дека си бил прогонуван за б'лгарштината"? „Не, вујко, му одоворив, погрешно ти кажале". Данаил се стаписа. Не оти тој не знаеше во каква работа сум јас вплеткан, туку сакаше да ми пружи шанса да се предомислам. По окупацијата од страна на Бугарите сите студенти отидовме во Софија за запишување на универзитетот. Јас бев на гости во неговиот дом. Тоа не беше случајно. Тој сакаше јас постојано да бидам под негова контрола, бидејќи ние секојдневно демонстрираме по софиските улици. Во Софија останав кусо време. Кога потоа во Софија беше мајка ми кај него тој и рекол: „Благородна, твојот син е непоправлив комунист".

**„А, бе Крстју, се прикажува дека си бил прогонуван за б'лгарштината"? „Не, вујко, му одоворив, погрешно ти кажале". Данаил се стаписа.**

### 11 Октомври 1941

*Во врска со вооружената акција на 11 октомври постојат контроверзи, дека била прво стриктно договорена, па откажана од страна на Покраинскиот комитет... Како се однесуваше прилепската партиска организација спрема овој почеток на вооружената борба?*

Месниот комитет веќе беше донел одлука за почеток на акцијата на 11 октомври. Јас на 10 октомври вечерта излегов во партизани. Зборно место беше зад Маркукуле. Таму се прибираа и другите партизани. Утредента, на зборното место зад Маркукуле, се собравме сите одредени за во партизанскиот одред (преку 40 души). Познати се деталите на оваа акција, начинот на кој таа беше изведена, пунктовите врз кои беше извршен напад... и сè што се случи потоа. За мене, еве сега кога се навраќам на тие денови, беше пресудна решителноста на Вера Ацева. Таа цврсто остана на ставот да ја извршиме акцијата и покрај писмото од ПК за нејзино одложување. Мислам дека тука големо влијание имаше смелоста на Трајко Бошковски-Тарцан. Тој, иако имаше еден сомнеж дека е направено предавство од еден човек кој побегна од одредот, сепак инсистираше да тргнеме и на участакот и на поштата и на затворот.

*Има разни верзии за судбината на првиот прилепски партизански одред, дека бил распуштен, дека сам се расформирал.*

Кога ја извршивме акцијата, во градот со големи воени и полициски сили се крена потера по нас така што не успеавме сите да дојдеме до местото од каде што тргнавме во акција. Јас со мала група другари и другарки се засолнав кај една карпа во падините на Маркукуле. Некои од учесниците на акцијата беа уапсени; ние утредента се договоривме да слеземе во градот или во Варош и од таму да бараме повторно врски со одредот. Главнината, што остана на местото да ги сочека резулатите од акцијата во градот, предводена од Тарцана и БоркаТалески, кога ја виделе ситуацијата заминале кај селото Ропотово (во шумата) каде што воспоставиле врска со партиската организација. Јас и групата што се засолнивме кај Маркукуле слеговме во градот и се засолнивме во разни куќи. По ден-два воспоставив врска со МК и тие ме упатија на местото каде што беше главнината на одредот, од Ропотово на Бабуна, над Степаначкиот манастир. На 23 октомври, со една посебна церемонија со давање заклетва, се оформи штабот на одредот кој го доби името Гоце Делчев. Јас сганав политички комесар на одредот.

Наближуваше зимата и некаде во декември дојде на состанок во Прилеп истакнатиот револуционер Страшо



Пинџур. Во селото Варош, во присуство на тогашниот секретар на Општинскиот комитет на Партијата Пенко Здравковски имав разговор со Пинџур. Тој ми кажа за одлуката од Покраинското раководство одредот да се расформира и луѓето да се распоредат. Тоа е во почетокот на декември. Организацијата во Прилеп, која беше моќна, можеби и најмоќна во Македонија, имаше многу слабо влијание во селото и не можеше луѓето таму да се распоредат. А имаше друга организација, особено битолската, со организирана цела мрежа ќелии по селата. Добар дел од одредот отиде во тие битолски села.

### Настанот на Кале 1945

*Како „почна" слободата?*

Во ослободено Скопје дојдов како член на ПК на СКОЈ. Секретар на комитетот беше Лилјана Чаловска. Штом дојдовме во Скопје Лилјана се венча со Лазо Колишевски и бидејќи тогаш сите секретари на ПК на СКОЈ беа членови на Политбиро, и таа беше член, но мораше да се повлече од таа функција. Ме викнаа во ЦК и ми рекоа дека јас треба да дојдам на нејзино место за секретар на ПК СКОЈ. Не поминаа неколку недели во ЦК кој беше сместен спроти основното училиште „Гоце Делчев" ме повикаа двајцата секретари Колишевски и Узуновски да ми соопштат дека сум примен и во Политбирото на ЦК. Меѓутоа, од тоа не стана ништо и никој никогаш не ми соопшти зошто се откажаа од таа одлука, не, се почна и заврши со разговорот со Колишевски и Узуновски. Инаку, штом дојдов на чело на ПК СКОЈ почнаа подготовките за Вториот конгрес на НОМСМ кој се одржа во јануари. Тогаш имавме многу добри врски со сите балкански младински организации, па и со рускиот Комсомол. Од сите соседни земји дојдоа делегации. Коигресот се одржа во почетокот на јануари. Реферат имаше Ацо Шопов, а јас бев претседавач на конгресот. Тогаш се случи бунтот на војската на Кале. Една група од учесниците упадна во салата и праша: „Кои се овде Срби. Дајте ги Србите. Покажете ни кои се Срби". За среќа, делегацијата на УСАОЈ ја водеше Хрват, Славко Комар, кој беше и член на ЦК СКОЈ на Југославија. Околу тој бунт на Кале се испредоа многу приказни.

*Која е Вашата?*

Нема моја приказна. Има собрано многу документи историчарот Тодор Симоски. Барем од тој материјал и од сите документи конечно се гледа дека воопшто никој не загинал на Кале. Сите оние што се наведува дека се убиени беа сослушувани и има изјави пред судот и пред полицијата. Во почетокот на 90-тите години во Нова Македонија се појави една статија од Ѓорѓи Малковски, млад историчар, доктор на науки, кој вели дека се стрелани 75 души на Кале. Тоа предизвика голем револт меѓу борците. Тие протести континуирано излегуваа во Нова Македонија. Според документацијата девет или десет души се осудени на смрт од судовите.

*Каков одек имаше тој настан во Скопје и во Македонија?*

Ние од конгресот излеговме на плоштадот. Наша главна парола беше: „Ние Македонците Тито си го сакаме", бидејќи тие во нивните говори го негираа Тито и бараа македонски командант. Ни се придружи маса народ кој ја прифати нашата парола. Потоа Народна одбрана (тоа беше една од безбедносните организации) ги однесе во касарни. Беа изведувани на суд. Некои се осудувани на 10-15 години, а ни од осудените на смрт никој не е егзекутиран. По извесно време, а особено негде околу 2 август, кога национален празник прогласен од АСНОМ, тие се помилувани. На некои им е намалена казната, некои се помилувани, но нема скоро ниеден што бил во затвор повеќе од седум до десет месеци. Сите се на крајот пуштени на слобода. Тоа беа млади македонски војници од артилериската бригада меѓу кои и некои мобилизираи поставени војници што служеле во бугарската војска под чие влијание потпаднаа и некои од младите Тие во бунтот уфрлија парола „Не сакаме на Берлин, туку на Солун". Не сакаа да одат на Сремски фронт. Тогаш Врховниот штаб на Југославија испрати, бидејќи се помина од партизанска на регуларна војна, од Белград, неколку Срби и Црногорци, како инструктори. Овие бунтот го прикажуваа како тие да ја презеле цела команда во Македонија, што не е точно. Еден од дискутантите, сега генерал во пензија, во тоа време говори дека од 24.000 старешини само 120 биле испратени од Белград. Тој феноменот, учеството на овие бивши војници и офицери не е доволно расветлен. Но, едно е точно, дека нема ниеден човек убиен. Ист таков бунт по една недела-две се појави и во Штип. Таму отиде Темпо кој одржа говор. И за Штип се прикажува, но ни таму нема никој убиен.

*И двата настана сепак се многу карактернстичнн по времето во кое се јавуваат и по паролите. Времето е - веќе ослободена земја, а паролите се - да се тргне кон Солун.*

Цело време имаше струја, дури и во самото партизанско движење која се залагаше за обединување на Македонија. Институтот за национална историја издаде две книги документи од Форин офис, каде што апсолутно се гледа дека би било една авантура да се отиде на Солун, зашто таму веќе беа Англичаните, сојузниците. Значи, од окончување на борбата против фашизмот, конечното уривање на Хитлер, да се префрлиш на друг терен и да влезеш во областа на своите сојузници - војнички тоа би било масакр, бидејќи ние не располагавме со таква воена техника со каква што располагаа сојузниците. Освен тоа политички



беше неодржливо бидејќи во Јалта беше направена поделба на сферите на влијание.

Потоа, јас бев префрлен за инструктор (тогаш имаше инструкторска управа во ЦК) кој оди на терен по организациите. Тоа траеше негде до есента. Есента се изврши реорганизација на територијата на Македонија. Пред тоа имаше окружни комитети на Партијата и окружни комитети на новата народна власт. Се направија четири

**За мене, еве сега кога се навраќам на тие денови, беше пресудна решителноста на Вера Ацева. Таа цврсто остана на ставот да ја извршиме акцијата и покрај писмото од ПК за нејзино одложување**

обласни комитети: Скопје, Штип, Велес и Битола. Ме испратија за политички секретар на обласниот комитет на Партијата во Битола. Таму се формира цел обласен комитет. А тогаш секретарите на обласните комитети беа и секретари на народните одбори на власта, така што јас бев и секретар на обласниот народен одбор. Значи и цивилната и партиската власт во едно. Партија на власт. Како секретар на обласен комитет на Партијата останав една година - од ноември 1945 до ноември 1946 година. Во Битола ја сретнав мојата идна сопруга Марга и таму стапивме во брак.

Во 1946 година се отвори висока политичка школа „Ѓуро Ѓаковиќ" во Белград и јас бев испратен на школување. Половина беа професори кои предавале во некои партиски школи во СССР и не напумпаа со марксизам, односно со сталинизам. И не само тоа, туку еден од нив се скандализира кога разбра дека една група од нашите колеги (а тие беа новинари и по некои предмети слушаа одделни предавања, меѓу нив беа и Лазо Мојсов и Климе Мазов) имаа запишано да учат англиски јазик. Како може да учат англиски, а не руски. Ние сите по малку подучувавме руски јазик.

*Колку време траеше школувањето?*

Останав една година, до ноември 1947. Во ноември се вратив и станав началник на инструкторската управа. Тоа траеше два месеца. Во средината на јануари, 13 јануари, не повика во својата премиерска канцеларија Колишевски, кој беше во исто време и секретар на ЦК, мене, Никола Минчев и Боге Кузмановски и ни соопшти дека сите тројца сме кооптирани директно во Политбирото. Тоа е во јануари 1948. Јас станав член на Политбирото пет-шест месеци пред раскинот со Сталин.

*Што е друго значајно во тој политички и интелектуален живот на Македонија. Дали во тој период се поставуваше проблемот на интелектуалците?*

Јас мислам дека во раководството на Партијата имаше мала антиинтелектуална струја и таа доведе до тоа добар дел од интелектуалците, да биде испратен надвор од Македонија затоа што не го поддржуваше болшевичкиот принцип на демократскиот централизам. Тие што сакаа да изразат свое мислење беа испраќани на разни функции во Белград. Меѓу нив беше и Глигоров, затоа што по одделни прашања беше во судир со партиското раководство.

### АСНОМ

*Со оглед на крупното историско и политичко значење на АСНОМ, како го имате доживеано заседанието? Што беше пресудно за неговото одржување?*

Мислам дека АСНОМ имаше еден преттекст - Преспанското советување на 2 август во Преспа, на кое главен реферат има Кузман Јосифовски Питу. Делови од тој реферат се сочувани. Таму е покренато прашањето за организирање иницијативен одбор за свикување на АСНОМ.

Сите кардинални подготовки околу АСНОМ се врзани со името на Питу. Јас лично мислам дека историјата ќе докаже и покаже дека Питу е сепак најзначајната фигура во нашата НОБ и македонска национална револуција. Треба да се подвлечат некои работи без кои тешко може да се објасни АСНОМ. Во октомври 1943 во Црвена Вода (Дебарца) издаден е Манифест на Главниот штаб на Македонија, во кој по првпат се говори за една нова Југославија. Затоа што првите две години 1941/42 се одбегнуваше името на Југославија. Тогаш уште немаше некои контури како ќе изгледа таа нова заедница. Ние го прифативме ставот на КПЈ за вооружено востание против окупаторите, но тешко кај македонските маси, па и кај самите комунистички водачи, можеше првите години отворено да се говори за повторно враќање во една Југославија - уште не се знаеше што ќе биде на теренот на Југославија и постоеше големата омраза од она бившо македонско ропство под великосрпска доминација. Во Манифестот за првпат поотворено се говори за таа работа. Како што е познато, една група интелектуалци, меѓу кои и бившиот претседател на Република Македонија Киро Глигоров, напишаа приговор на Манифестот. Основната точка на приговорот е дека целосно македонското национално прашање не може да се разреши во границите на бивша Југославија, туку треба пошироко на Балканот. Втора точка од приговорот е дека Главниот штаб нема право да издава таков програмски манифест, тоа треба да го направи некое друго тело. Главниот штаб им одговара со посебно писмо дека перспектива, за некое решавање на прашањето е само во рамките на партизанското движење во Југославија со братските народи под команда на Тито. Тогаш настанаа некои расправи во самиот ЦК за тоа како да се постапи спрема оваа група. Според кажувањето на Глигоров, Питу имал скоро исти забелешки, но тој како член на ЦК морал малку поинаку да се однесува. Питу пишува и писмо до ЦК за состанокот со оваа група во кое покрај другото нагласува дека тие се плен на скопската чаршија. Но она што е битно тоа е финишот. Сепак неговата тактичност доведе до тоа сите овие луѓе во април 1944 година да излезат во партизани. Сите тие се активни учесници на АСНОМ, а и во голема мера и автори на документи кои се донесени на ова заседание.

За одлуките на АСНОМ може да се каже дека се многу блиски на основната декларација на големата Француска револуција во однос на човековите права за што е донесена посебна декларација. Во неа се набележани сите оние права кои се повторени во уставот од 1991 на самостојна Република Македонија. Чувствувам потреба да цитирам некои од тие права. Првата точка е: „Сите граѓани на федералната македонска држава се еднакви и рамноправни пред законите, не гледајќи на нивната народност, пол, раса и вероисповедание". Втора точка: „На националните малцинства на Македонија се осигуруваат сите права на слободен национален живот". И тоа што според мене е израз на демократскиот развој во тој момент: „На секој граѓанин му е гарантирана сигурноста на личноста и имотот. Загарантирано е правото на сопственост и часна иницијатива во стопанскиот живот". Значи, Македонија како федерална единица ја почитува и ја штити приватната сопственост, што неколку години по војната беше напуштена. Друга значајна работа за нашиот демократски развој е одлуката за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава. Но, уште пред тоа, во есента 1943 година, на слободната територија Копачка, во село Подвис е основано првото училиште на македонски јазик. Одлуката за јазикот е потпишана од Ченто како претседател и од Арсов како секретар. Точни датуми за некои настани не се познати, но од споредбените проучувања на документите произлегува дека иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ е формиран во првата половина на ноември 1943 година. Првиот состав го сочинуваа: Методија Андонов - Ченто (претседател), Страхил Гигов (секретар), Михајло Апостолски, Цветко Узуновски, БоркоТемелковски и Венко Марковски. А подоцна, на 30 април 1944 проширен е на 22 члена. Во текот на неговото ширење неколку пати во самото раководство се покренува прашање за обединување на Македонија, бидејќи е тоа една традиција односно дамнешен македонски стремеж.

Меѓутоа, тука има една голема пречка. Атлантската повелба потпишана меѓу Черчил и Рузвелт не предвидува промена на границите на државите во Европа. Значи, се гарантираа границите на сите држави кои влегоа во антифашистичката војна. Фактички на таа повелба се истраја и после на сите мировни конференции по војната. Направени се корекции само на два пункта во Европа. Еден е кон Полска, од страна на Германија дадена и е источна Шлезија, претежно населена со Полјаци, и друга корекција од страна на Италија - Истра и словенечкото приморје. Нигде на друго место нема никакви промени. Неколку пати е покренувано прашањето за обединување на Македонија и секогаш се наидува на пречки. Во тој поглед и Тито не дозволуваше таа работа да се постави кај нас, за разлика од она што се случи во Словенија и во Хрватска на нивните две антифашистички собранија кои ги одржаа уште во 1943 година пред Второто заседание на АВНОЈ. Тие во своите заклучоци донесоа декларации со кои веќе одлучија да ги приклучат словенечкото приморје, односно Истра кон своите идни републики. Напати кај нас се шпекулира дека Тито повеќе бил наклонет кон Словенците и кон Хрватите, отколку кон нас Македонците. Всушност, не се работи за тоа. Тито беше во тек со настаните во антихитлеровската коалиција. Знаеше за Атлантскта повелба и знаеше дека таа работа тешко ќе може да се реализира - обединета Македонија, затоа што Грците беа активни уште при првиот отпор кога Хитлер направи наезда на Грција, односно пред него Мусолини, дури тие добија некои битки и заседоа некои делови од Албанија. Тито уште на првото заседание на АВНОЈ во Бихаќ бараше од Коминтерната дозвола да се формира Национален комитет за ослободување на Југославија како една привремена влада. Коминтерната остро се спротивстави на таа работа. Познато е дека во 1943 година, под притисок на англоамериканците, Сталин ја распушти Коминтерната.

Крсте Црвенковски (Прилеп, 16 јули 1921 - Скопје, 21 јули 2001) е еден од водечките македонски политичари, познат и како дисидент во македонското комунистичко движење предводено од Лазо Колишевски. Учесник е во НОБ и носител на орденот народен херој и на Партизанска споменица 1941.

од книгата на Мирче Томовски и Крсте Црвенковски, Заробена вистина; „Култура", Скопје, 2003



Борко Лазески, Скици за фреската за НОВ, 1951-1954

## Тодор Атанасовски

# На вистинската страна - 11 октомври

**Подложен на најсурово одродување и асимилација, политички до бескрај обесправен, економски опустошен и сведен на гол опстанок, беше во состојба и оваа стратегиска ситуација да ја пропушти, како што тоа се случи во 1908 година.**

Генерацијата што ја имаше привилегијата непосредно да учествува во Народноослободителната војна (НОВ) и антифашистичката борба (АФБ) веќе догорува. За кусо време ќе биде вистинска реткост да се сретне жив човек - непосреден учесник во тие настани. Колку што таа генерација беше среќна што судбината ѝ овозможи да придонесе за остварувањето на вековните стремежи на македонскиот народ за национална слобода и сопствена држава, толку, ако не и повеќе, доживеа најрезултатниот дел од историјата на овој народ да се негира. Зад тоа стојат мистериозни сили и интереси што не го заслужуваат атрибутот македонски. Државата и националните слободи се едно, а режимите друго. Првите, ако не се вечни, се трајни, а режимите се менливи. Вистинската наука никогаш не би ги мешала воените состојби со повоените и покрај тоа што едните и другите се комплексни и целосни општествени состојби. Меѓутоа, политиката речиси секогаш манипулира со времињата и условите ако тоа води кон реализирање на тесни интереси. За нас во Република Македонија тоа секогаш е значајно затоа што во Втората светска војна и во борбата против фашизмот се наредивме, заедно со сите прогресивни сили во светот, не како држава и признаена нација, туку како националноослободително и антифашистичко движење.

Агресијата на фашистичката оска на балканските простори за нашиот народ, особено за македонскиот и за неговата националноослободителна борба, претставуваше нова стратегиска ситуација во која се наѕираа можностите да се достигнат некои од врвните национални цели. Меѓутоа, по повеќе од дведецениска незапаметена пустош под власта на најреакционерните монархофашистички режими на планетата, какви што беа српската монархија на А. Караѓорѓевиќ и неговиот прв полицаец П. Живковиќ, потоа монархофашистичката Метаксасова (и Зервасова) Грција и бесрамната хабсбуршка Бугарија, во 1941 година македонскиот народ едвај знаеше за себе. Подложен на најсурово одродување и асимилација, политички до бескрај обесправен, економски опустошен и сведен на гол опстанок, беше во состојба и оваа стратегиска ситуација да ја пропушти, како што тоа се случи во 1908 година. Зошто 1908 година? Затоа што само пет години претходно големобугарскиот врховизам го испровоцира востанието, па моментумот наречен „Уриет“ - младотурската буржоаско-демократска револуција, која беше вистински поволна стратегиска ситуација, Македонија (не само Македонците) ја дочека искрвавена, опустошена и разнебитена.

Во вакви услови се случи првиот јуриш врз полицискиот участок на 11 октомври во слободарскиот Прилеп. Овој настан, како и оние во Скопје и во Куманово, го разбудија народот од летаргијата во која беше фрлен по 23-годишната монархофашистичка окупација и терор. Дали и колку е тоа значајно со текот на времето ќе оцени историјата, кога ќе биде наука.

Зошто тоа го сторија левите сили?

Политикантски би било да се рече - зашто немаше кој друг да го направи иницијалниот чекор што ќе го разбуди од летаргија и бесознание во кои монархофашистичките режими го довеле нашиот народ. Тоа е многу реално, би рекол и научно, пред сè, затоа што народот на Македонија беше до таа мера ограбуван, пљачкан и осиромашуван, така што својот биолошки опстанок го барал во гурбетот, аргатувањето и колективизмот. Запаметете, во Македонија сиромасите не аргатувале меѓу себе. Тие меѓу себе си биле наизменичари - денес јас кај тебе, утре ти кај мене. На свадбите, славите, крштевките не се носеле пликови туку грав, ориз и слично. Куќите се граделе со помош од комшиите, роднините и пријатели и од други вери и потекло, а кога се „личеле“ луѓето им носеле на домаќините - шејови за да се задомаќинат. Да не должам. Нашето левичарење не мора да биде вечно и за секогаш, а и не може, ама има наше оригинерно потекло. Ете, затоа нашите домородни комунисти, како што докажува д-р Т. Чепреганов, пред сè, биле „националисти“, и затоа и биле прифатени од до гола кожа осиромашениот народ во Македонија. Патем, денеска многу битни работи политичарите (политикантите) ги гледаат низ искривено огледало - теснопартиско.

Откако македонскиот народ разбра дека нашите главни цели се национално ослободување, создавање македонска држава и победа над најголемото зло - фашизмот, нашиот комунизам не му пречеше. Зборувам за времето на НОВ. Вистинска штета е што ние не можеме или не сакаме нештата да ги раздвоиме: државата од режимот, војната од повојната, нацијата од народот, и посебно фашизмот од антифашизмот, како што тоа го направија понапредните од нас.

Но, да ги видиме маните на македонските комунисти. Грешка ли е што ги почнаа востанието и НОВ? Ќе беше ли подобро македонското национално прашање да се решаваа во колаборација со фашизмот? Во Втората светска војна имаше и такви. Погледнете: прогресивниот дел од српскиот народ се нареди во стројот и фронтот на големата антифашистичка коалиција; четништвото или како што го нарекуваат „рамногорскиот покрет“ се најде на големосрпски хегемонистички позиции и често колабораше со фашистичките окупатори и деклинираше од антифашистичките позиции. За секој случај, владата на Недиќ и Љотиќевските фашистички организации верно му служеа на Третиот рајх борејќи се и против сопствениот народ; во Грција - низ повеќепартискиот народен фронт ЕАМ и во тие рамки создадената ЕЛАС - некои опстојаа на позициите на антифашизмот, но не им пречеа многу на фашистичките окупатори, бидејќи секогаш кога можеа, ја одбегнуваа борбата. И тие за секој случај го имаа квислингот Наполеон Зервас, кој верно му служеше на рајхот. Да редам ли и натаму? Павелиќ, НДХ - до гуша во колаборација со оската и против антифашистичката коалиција и антифашистите во самата земја, само и само да се создаде хрватска држава...

**Ете, затоа нашите домородни комунисти, како што докажува д-р Т. Чепреганов, пред сè, биле „националисти“, и затоа и биле прифатени од до гола кожа осиромашениот народ во Македонија.**

Да им се вратам на нашите (комунистички) гревови. Грев ли беше што направивме, не фашистичка, туку ептен и докажана антифашистичка држава, или ќе беше подобро да му дозволевме на бугароврховистичкиот и фашистички сатар на македонскиот народ, Иван Михајлов, пред самиот пораз на фашистичката оска да ситуира квазимакедонска (македонобугарска) држава за еднократна употреба, наспроти антифашистичката коалиција?!

Исходот на НОВ и АФБ не беше повоениот систем, туку националното ослободување на македонскиот народ и на сите националности што живеат во Македонија и создавање македонска држава што ќе биде гарант на националната слобода на Македонците, ама и на сите други национални заедници во Македонија. Денот на востанието, 11 Октомври, е причина уште еднаш да фрлиме трезвен поглед врз меѓунационалната димензија на нашата стратегија во НОВ и во АФБ во периодот 1941-1945 година.

Нашата платформа беше: македонскиот народ не може да се здобие со национална слобода ако истовремено национално не бидат ослободени сите други националности што живеат во Македонија и го градат македонското општество. Без пребројување и национални права на грам, туку до духовниот капацитет. Тоа е вистинскиот дух на 11 октомври 1941 година и културата на Народноослободителната војна (НОВ) и Антифашистичката борба (АФБ).

Секогаш постоеле, постојат и ќе постојат разлики во читањето на историјата. Ние би биле најсреќната заедница, народ и држава кога само тоа би бил нашиот проблем. Но, не е така. Не сакам да спорам дека историјата е наука и дека глобалната човечка промисленост не еднаш утврдила дека мемоаристиката е историски извор од понизок квалитет. Меѓутоа, сеќавањето, исто така, е признаата култура и културен однос, посебно ако сеќавањето се случува во поодминати години кога човекот не ѝ завидува на умноста на новите поколенија. Затоа си ја зедов слободата да се навратам на нашата култура. Со веќе спомнатата концепција за меѓунационалните односи, НОВ стана уште поотворена и поширока сè до нивото на сенароден фронт за борба против фашизмот. Тука пак ќе го поставам прашањето дали ние Македонците - и комунисти, и антифашисти, па и националпатриоти - навистина во тие услови водевме едновремено и борба за национално ослободување и за македонска држава и дали таа борба (како таква) ја криевме од (на пример) турскиот, албанскиот, влашкиот, ромскиот, српскиот дел на народот на Македонија, како и од нашите соборци - Турци, Албанци, Власи, Срби, Роми и други? Зарем некој ќе помисли дека Бејзат од Корешница, Асан, командант на турскиот баталјон, Али Шукри од Плачковичката турска чета, Феми Муча и Мети Крлиу, Реис Шаќири, Хамид Таќи, Лазо Стевиќ, Илин Јашка, Башка од Дисан и другите мои соборци не знаеја дека ние се бориме и за национална слобода и за сопствена држава. Прашајте го и Бајрам Гоља, борецот од НОВ и АФБ, со кого секогаш „се карам“ на пазар дали во таа борба бил заслепен и заскитан. Зарем Усеин од Вешје и капетан Деврија со кои другарувавме до гроб, а другаруваме и денеска, не беа свесни борци против фашизмот, ама и учесници во борбата за национална слобода, и за македонска, нешовинистичка национална држава.

**Нашата платформа беше: македонскиот народ не може да се здобие со национална слобода ако истовремено национално не бидат ослободени сите други националности што живеат во Македонија и го градат македонското општество.**

Нема да биде злоупотреба на правото да се сеќавам, ако го кажам и тоа дека за четири години во Македонија не беше осквернавен ниту еден сакрален објект и покрај тоа што некои оновремени историчари сакаат да ја редефинираат НОВ и АФБ како граѓанска војна во која доминирале меѓуетнички антагонизми. Си земам слобода да кажам и да посведочам дека НОВ и АФБ во Македонија беше најчиста во споредба со она што се случуваше во другите амбиенти и простори околу нас и низ Југославија, и тоа не беше случајно. Тоа беше продукт на нашата мултиетничка култура и традиција, ама и на свесната и промислена стратегија. Таа етапа од историјата на народот македонски (без делба) не ќе беше толку поучна, посебно за примарниот внатрешен дел од нашите вкупни односи, ако запоставиме уште некои, не така занемарливи факти. Фашистичките анектори (и окупатори) не седеа со скрстени раце и методично работеа токму на полето на меѓунационалните односи, со цел да ги закрват и националностите, а и Македонците, па во меѓусебната борба за тие полесно да ги остварат своите мрач-



## Зошто бугарското фашистичко царство толку здушно и дарежливо инсистираше на врховистичкото контрачетништво ако не затоа да ги втурне Македонците во меѓусебна вооружена борба?

ни цели. Зошто бугарското фашистичко царство толку здушно и дарежливо инсистираше на врховистичкото контрачетништво ако не затоа да ги втурне Македонците во меѓусебна вооружена борба? Зошто големосрпскиот врховизам беше растрчан низ Македонија да создава четнички формации во Поречието, Азот и слично ако не за тоа да го заплетка овој народ во меѓусебна крвава војна. И бализмот беше со таква цел, но и против прогресивните сили во самата албанска заедница. Ние, комунистите, мисијата на попречување на меѓусебниот (мултетнички) колапс не ќе ја оствaревме, ако во тоа ја немавме безрезервната поддршка на народот без оглед на вера, нација и друга припадност. Исто како што тоа не им појде од рака на нашите оовремени шовинизми 2001 година да ја фрлат Македонија во меѓуетничка крвава пресметка. Ова се амблемите на 11 Октомври што деновиве се бришат, а најрезултатниот дел од нашата заедничка преродбеничка историја се пустоши под превезот на антикомунизмот.

Овој миг, кога треба да се потсетиме за нашето поблиско и заедничко македонско минато, го прави незаобиколно прашањето каков е нашиот, не толку историски, колку сегашен однос околу прашањето фашизам - антифашизам. Во Македонија антифашизмот свесно и брутално го идентификуваме со комунизмот. Вистина е дека „комунизмот", не зборувам за партизмот, остана доследен на антифашистичките позиции до денеска. Но, исто така, еве, веќе две децении, нашиот антикомунизам не се ни обиде сам себе да се дефинира како антифашизам. А, ако не е антифашизам, што е?

Нашата држава Република Македонија, бидејќи е директен резултат на борбата против фашизмот, од самиот почеток е антифашистичка држава и општество. Првата одлука на АСНОМ беше дека Македонија, сега веќе како држава, ќе ја продолжи војната до конечната победа над фашизмот. Тоа го има на себе неизбришливиот печат на 11 Октомври. Впрочем, и светот и Европа по Втората светска војна се реконституираа според резултатите од борбата против фашизмот. Деновиве, нели, светот ја одбележа годината кога

**Нашата држава Република Македонија, бидејќи е директен резултат на борбата против фашизмот, од самиот почеток е антифашистичка држава и општество.**

почна Втората светска војна, што беше и остана антифашистичка. Авторот на ова сеќавање е убеден (можеби наивно) дека низ НОВ и АФБ овој народ навистина создаде висококвалитетни претпоставки за да биде горд и уважуван на светската заедница на народите. Никогаш не ќе можам да разберам зошто една македонска влада не најде за потребно да присуствува на одбележувањето на Денот кога почна големата антифашистичка војна.

Нека ни е честит и вековит 11 Октомври - денот кога овој народ, без оглед на вера, нација, раса, класа се нареди заедно со другите во големата светска војна и борба против фашизмот!

П.С. Под наши антикомунисти, што до денеска не се изјасниле околу прашањето за фашизмот, не ги подразбирам само таквите Македонци, туку и сите други - Албанци, Турци, Срби, Роми и да не редам натаму. Белки Албанците, Турците и другите не се откажуваат од своето антифашистичко минато. Навраќајќи се на 11 Октомври, на НОВ и АФБ, не беше можно, а да не се допре до карактерот на балканските - сега и нашите митови. Балканот и ние во него сме презрели за демитологизација, затоа што сите тие митови се продукт на нашите меѓусебни антагонизми и судири. Единствен корпус митови, ако се тоа, НОВ и АФБ 1941-1945 година, не се митови од редот на нашите домородни антагонизми. Во НОВ и АФБ нашите односи, и тоа во услови на војна, беа надбалкански и на повисоко цивилизациско ниво. Заслугата за тоа е во антифашистичкиот карактер на НОВ, а таков е карактерот и на придобивките од НОВ. Еден антикомунист, ѓоамити учен, рече дека митот на НОВ треба да се „уништи", и сѐ уште надуено се смее!

11 Октомври 2009

> Вистинската слика на минатото нечујно минува крај нас. Минатото може да се дофати само како слика која силно блеснува во моментот на сознанието и потоа се губи во неврат. ... Бидејќи со секоја сегашност во неврат може да исчезне сликата на минатото, во која таа не знаела да се препознае себеси.
>
> Валтер Бенјамин,
> Историско-филозофски тези

ЕНДРЈУ РОСОС

# Војната и револуцијата (1940-1949)



Првата егејска ударна бригада, Битола 1941 г.

**Македонците од грчка Македонија дале клучен придонес за комунистичката страна во Граѓанската војна во Грција. Тие го понесле товарот на војната.**

### Нова поделба (1941–1944)

По падот на Југославија и Грција во април 1941 година, окупаторските сили повторно ја поделиле Македонија. Бугарија го окупирала поголемиот дел на Вардарска (југословенска) Македонија, како и источна и помал дел од западна Егејска (грчка) Македонија. Средниот, стратешки најзначајниот дел на Егејска Македонија, вклучително Солун и крајбрежјето, останал под директна германска контрола. Најзападниот дел на Вардарска Македонија, со градовите Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и Струга, станал дел на италијанска Албанија. Италија го окупирала и преостанатиот дел на западна Егејска Македонија – Костурско (Касторија), Леринско (Флорина), Кожанско (Козани) и Гревенско (Гревена) – сè до нејзиниот колапс во септември 1943 година.

Повторно, значи, мнозинството Македонци – од бугарската и од италијанско-албанската територија – биле под странски господари кои им ја наметнувале својата национална идеологија и идентитет. Бугарија ја прикажувала својата окупација како остварување на нејзиното „историско право", како ослободување на „нејзина национална територија". Таа не се однесувала кон територијата како кон протекторат и не воспоставила специјална управа, туку се трудела да ја апсорбира. Затоа Софија таму го вовела бугарскиот политички, административен, правосуден и полициски систем. Сите одговорни позиции им ги доделила на доверливи луѓе од Бугарија, кои имале докажани идеолошки и националистички акредитиви. За да го одржи редот и законот под германски надзор, Бугарија во текот на целата војна на „новоослободената територија" имала огромно воено и полициско присуство. Според еден извор, Бугарите и Италијанците во Вардарска Македонија концентрирале 120 000 свои луѓе.

Освен тоа, Бугарија ги прогласила сите Македонци на окупираната територија за Бугари и започнала политика на „бугаризација". Неа ја предводела Управата за национална пропаганда, трудејќи се да ги збрише сите траги на српското владеење. Стандардниот бугарски јазик станал службен јазик, а широкоразгранетиот образовен систем го претставувал главниот инструмент на бугаризацијата. Во учебната 1941/42 година, окупаторската власт отворила 800 основни училишта, 180 осмолетки и 17 гимназии. Испланирале и универзитет во Скопје, кој бил отворен во 1943/44 година под името Универзитет „Цар Борис". И образовниот систем го наполниле со „докажани" луѓе од Бугарија. На сите нивоа на образованието наставата била фокусирана на бугарските студии - јазик, историја и култура - во кои, се разбира, биле вклучени и Македонија и нејзиниот народ.

Управата за национална пропаганда надгледувала и цела низа институции – филолошки, историски, етнолошки итн. – кои објавувале само трудови во кои се докажувало дека Македонија и нејзиниот народ се Бугари. Софија ги мобилизирала сите институции и медиуми што биле под нејзина контрола и влијание, како радиото, печатот, театрите, музеите и црквите, да работат во служба на националната кауза, т.е. да ја шират и да ја всадуваат бугарштината меѓу Македонците. Исто така, таа очекувала од сите јавни чиновници да служат како очи и уши и да известуваат за какво и да е несогласување во форма на реч, мисла или дело.

**Се чини парадоксално што Македонците и другите жители на централна Егејска Македонија, која била под директна германска контрола, и на западната, под италијанска контрола, минувале подобро.**

Нејзината политика спрема другите, немакедонски етнички групи, кои ниту очекувала ниту се обидувала да ги придобие, била многу поостра, посурова и попогубна. Бугарите ги толерирале муслиманите, Албанците и Турците во Вардарска Македонија, но ги игнорирале нивните права и потреби. И додека Евреите од Бугарија биле поштедени, Евреите од Македонија им ги предале на нацистите, така што тие завршиле во логорите на смртта.

Во источна грчка (Егејска) Македонија, источно од реката Струма (Стримон), Бугарите биле безмилосни спрема Грците, кои дотогаш веќе претставувале мнозинство таму. Како што видовме погоре, по балканските војни и по Големата војна, грчката власт присилно ги раселила од тоа подрачје Македонците, тамошните славоговорни жители. Поголемиот број ги протерале во Бугарија и подрачјето го населиле со грчки бегалци, кои, пак, Турците ги протерале од Мала Азија. „Со оглед на фактот што на таа територија имало малку Словени, Бугарите не сакале да го преобратат локалното население, туку на некој начин да го елиминираат и да го заменат со бугарски колонисти". Или, како што тврди Хју Пултон: „Во нивните делови Бугарите увезле населеници од Бугарија и се однесувале на тој начин што дури и еден германски извештај од тоа време ја опишува нивната окупација како 'режим на теророт'".

Во почетокот на окупацијата, во мај-јуни 1941 година, Италијанците директно управувале со западна Вардарска Македонија. Во јули таа година, тие ја приклучиле територијата кон италијанска Албанија и го префрлиле администрирањето со неа во рацете на Министерството за новоослободената албанска територија во Тирана. Во февруари 1943 година, кога тоа министерство било укинато, тие ги пренесле неговите функции на соодветните министерства во квислиншката албанска влада. Тие ја консолидирале својата власт со помош на поборниците за големоалбанството, со кои биле пополнети позициите во административниот, правосудниот и полицискиот систем. Највисоките позиции ги добиле албанските фашисти, а пониските позиции биле поставени локалните колаборанти.

Како што Бугарија сакала да го бугаризира подрачјето под нејзина окупација, така и Албанија имала слична цел во западна Вардарска Македонија. Мерките и политиката што ги водела личеле на бугарските. Школскиот систем и образованието воопшто требало да помогнат во спроведувањето на присилната албанизација. Сите српски училишта биле заменети со албански, а сите српски или македонски учители кои предавале на српски јазик им го отстапиле местото на учители од Албанија. Сите неалбански ученици – Македонци, Срби итн. – морале да ги посетуваат тие училишта, а во нив, меѓу другото, се предавале големоалбанизмот и фашизмот. За сите работни места во јавниот сектор се барале Албанци кои го говорат тој јазик. Сите натписи, дури и на приватните згради, морале да бидат на италијански или на албански јазик. Имињата и презимињата на неалбанците морало да добијат албанска форма. Дури и телефонските разговори што не се воделе на италијански или албански биле незаконски.

Се чини парадоксално што Македонците и другите жители на централна Егејска Македонија, која била под директна германска контрола, и на западната, под италијанска контрола, минувале подобро. Двете окупаторски сили ѝ дозволиле на грчката квислиншка влада да управува со регионот под нивни надзор. Додека економската ситуација таму, како и насекаде низ Македонија и окупирана Европа, се влошила, политичката ситуација се подобрила. Германците и, особено, Италијанците пасивно ги занемариле, а грчките чиновници не можеле повеќе да ги применуваат угнетувачките мерки на Метаксасовиот режим. Во почетокот на војната, западниот егејски регион населен со Македонци станал упориште на грчкото движење на отпорот кое го предводеле комунистите, а кое покажало далеку поголемо разбирање и толеранција визави Македонците.

### Непријателската неутралност и по неа (1941–1944)

Огромното мнозинство Македонци, кои, главно, биле селани, доколку, воопшто, и знаеле нешто за италијанскиот фашизам или за германскиот нацизам и нивните намери, тогаш знаеле сосема малку, па сепак очекувале спас од Бугарите. Окупаторската власт, особено Бугарите, се однесувале како ослободители и го искористиле отпорот спрема репресивните предвоени режими на Грција и Србија/Југославија за да неутрализираат многу Македонци. На почетокот во тоа им помогнало и традиционалното бугарофилство.

Но, генерално кажано, повеќето Македонци чувствувале еден вид непријателска неутралност спрема своите нови господари. Колку што самите знаеле или се сеќавале, нивната земја отсекогаш била под окупација, но нивниот патриотизам никогаш не би прифатил странски окупатори. Како што напишал Капетан П. Х. Еванс во западна Егејска Македонија во декември 1944 година: „Македонците ги движат силни но измешани патриотски чувства... Постои... јак и на моменти жесток локалпатриотизам, како и едно чувство, кое е тешко да се забележи бидејќи ретко се искажува пред туѓинци и бидејќи флуктуира со секоја промена на настаните и пропагандата, чувство за Македонија како таква, без оглед на сегашните граници, на кои се гледа како на узурпација".

Сепак, без организација, раководство и оружје, тие и не помислувале да им се спротивстават на окупаторите, а камоли да ги поразат. За да опстанат, се правеле божем се приспособиле. Како што му рекол еден старец на Капетан Еванс: „Ние, знаеш, сме имале толку многу господари што сега, кој и да дојде, му велиме (со споени дланки, но со насмевка и благ наклон) *'калос ористе'* [добре дојде]". „Беше мошне елоквентен", продолжува Еванс. „Токму поради оваа совршена двојност на Македонците, тешко е човек да ги разбере. Тешко може да се открие што мислат".

Македонците традиционално се сомневале во сите странци - односно во секој што не им припаѓал, кој не бил од нашите, кој не ѝ припаѓал на земјата, не го говорел јазикот, не ги пеел нивните песни, не ги почитувал нивните обичаи, не ја јадел нивната храна, не ги славел нивните празници и не ја тргал нивната мака. Таквата непријателска неутралност спрема окупаторот ја одржувале сè додека неговата власт не станела неподнослива, или додека не почувствувале дека активната опозиција има реална шанса за успех, па тогаш се бореле храбро и безмилосно како секој селски народ. Опстанокот бил од суштинска важност. [...]

### Кон југословенска република (1941–1944)

Иако Македонците пасивно ја прифатиле окупацијата, новите владетели немале ни политичка, ни општествено-економска, а што е најважно, ни национална програма и визија за Македонија, така што не можеле да обезбедат активна колаборација. Оттаму, дури и пред да се промени правецот на војната, тие не можеле да се мерат со

комунистите од трите балкански земји што првобитно ја поделиле Македонија, ниту со движењата на отпорот што тие ги организирале и ги предводеле. Комунистичките партии во Бугарија (БКП), Грција (КПГ) и Југославија (КПЈ) јасно и гласно ја објавиле својата визија: адаптации на програмата на Коминтерната за Македонија. Тие ја понудиле својата традиционална, идеолошки инспирирана општествена и економска трансформација, со заложба за еднаквост и правда. Што е уште позначајно, со тоа тие изложиле една промакедонска национална програма за самоопределување која ветувала национално ослободување и еднаквост, па дури и државност.

Трите партии не се согласувале секогаш во врска со крајниот исход и не биле подготвени безусловно да ветат дека нивната земја ќе ги врати македонските поседи. Во реалноста, и КПЈ и БКП се надевале, секоја за себе, дека македонското обединување ќе се случи под нивно покровителство, во нивната земја или во една јужнословенска или балканска федерација во која тие би доминирале. Но КПГ, кој очигледно немало да се приклучи кон никаква јужнословенска федерација и кој тешко можел да се надева дека ќе доминира со каква и да е балканска федерација, можеби поради тоа не сакал Егејска Македонија да биде вклучувана во плановите за обединета маке-

**Во реалноста, и КПЈ и БКП се надевале, секоја за себе, дека македонското обединување ќе се случи под нивно покровителство, во нивната земја или во една јужнословенска или балканска федерација во која тие би доминирале.**

донска држава. Во секој случај, раководството на КПГ се залагало за еднаквост и заштита на националните права на Македонците во Грција, но не и за македонска државност.

За разлика од балканските комунистички партии, кои манипулирале со Македонското прашање за да ги остварат своите идеолошки и политички цели, на македонските комунисти, инаку членови на некоја од тие партии, основна цел им било националното ослободување. Тој став многу често ги присилувал да избираат меѓу позицијата на партијата на која ѝ припаѓале и сопствениот сон – ослободување, обединување и државност. Додека едни им се покориле на дисциплината и позицијата на својата партија, многумина во критичните моменти излегле од редовите и преминале во политичка партија која им се чинела поблиску до македонските цели.13 Таков пример е Методија Шаторов-Шарло (1897–1944). Роден бил во Прилеп, во делот на Османлиската Империја кој станал Вардарска Македонија. Пред 1918 година емигрирал во Бугарија. Во 1920 година се приклучил кон БКП, а во 1925 кон ВМРО (обединета), и станал водач и во двете организации. Во 30-тите години на 20 век работел за Коминтерната во Москва и станал авторитет за балканските национално-револуционерни движења. Во 1939 се вратил во Македонија и наредната година застанал на чело на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија (ПК за КПЈМ). Веднаш го променил името на телото од „за Македонија" во „во Македонија", за работен јазик, наместо српскохрватскиот, го прогласил македонскиот и побарал автономија за комитетот. Во 1940 година, на Петтата конференција на КПЈ во Загреб, влегол во Централниот комитет на партијата како единствен член од Македонија.

По распаѓањето на Југославија и бугарската окупација на Вардарска Македонија во 1941 година, КПЈ и БКП влегле во судир околу контролата на покраинската партиска организација во рамките на нивната борба за Македонија. КПЈ повикала на вооружена борба против сите окупатори и обнова на територијалниот интегритет на Југославија. Тој нудел визија за една нова, комунистичка Југославија, во која Вардарска Македонија ќе биде дел од федерацијата на еднакви републики. БКП продолжил да ја брани комунистичката позиција – обединета Македонија во една комунистичка балканска федерација.

Што можеле да направат Шаторов-Шарло и другите национал- но ориентирани македонски комунисти, поранешни членови на распуштеното ВМРО (об.)? Можеле да застанат на страната на КПЈ, каде што чувствувале дека доминираат Србите и дека не се прифаќа сесрдно позицијата на Коминтерната: таму сега се нудело ослободување само на еден дел на Македонија и тоа под закрилата на КПЈ. Или можеле да го одберат БКП, спонзорот и најгласниот заговорник на политиката на Коминтерната, на националното ослободување и обединување. Таа позиција ги опфаќала традиционалните максимални македонски цели, а по германската инвазија на Советскиот Сојуз во јуни 1941 година, Шаторов-Шарло и неговите соработници почувствувале дека тие цели се остварливи. Тие, како и повеќето комунисти, верувале дека Советскиот Сојуз ќе ја добие војната и потоа ќе поттикне комунистичка револуција на Балканот. Обединувањето на поголемиот дел на Македонија под бугарска окупација на крајот ќе доведе до обединета советска Македонија.

**Коминтерната застанала на страната на КПЈ, кој веднаш именувал нови водачи за ПК КПЈМ. КПЈ на чело го именувал Лазар Колишевски (1914–2000), силен просрпски елемент.**

Таквото размислување и традиционалниот коминтерновски принцип „една држава – една партија" биле причината Шаторов-Шарло да се согласи со неговите бугарски колеги и да ја оттргне партиската организација во Вардарска Македонија од контролата на КПЈ и да ја префрли под контролата на БКП. По неговото игнорирање на наредбите на Централниот комитет на КПЈ во јули 1941 година, неговото политбиро го обвинило за антипартиско и контрареволуционерно дејствување и го исклучило од КПЈ. Во почетокот на септември, водачот на партијата, Јосип Броз Тито, се обратил до Коминтерната во Москва. Кај Извршниот комитет го обвинил „стариот Бугарин" Шаторов-Шарло како противник на вооружената борба, го нападнал БКП за узурпација на ПК КПЈМ и побарал негово враќање во КПЈ.

Коминтерната застанала на страната на КПЈ, кој веднаш именувал нови водачи за ПК КПЈМ. КПЈ на чело го именувал Лазар Колишевски (1914–2000), силен просрпски елемент. Тој непосредно по тоа бил уапсен од бугарската полиција и војната, главно, ја поминал во затвор во Бугарија, но станал доминантна фигура во повоената република Македонија во комунистичката југословенска федерација. По отфлањето од страна на КПЈ, а потоа сомнителен и за БКП, Шаторов-Шарло загинал како воен командант во отпорот во Бугарија во 1944 година. Околностите на неговата смрт не се соодветно објаснети.

Историската одлука на Коминтерната означила пресвртна точка во долгата историја на Македонското прашање. Таа ја префрлила иницијативата од бугарските комунисти (кои биле доминантна комунистичка група на Балканот, но ѝ припаѓале на земја што се приклучила кон Оската), на Југословените, чија земја била поделена и окупирана од Оската. За да добие поширока поддршка меѓу Македонците, наредната година до година и пол изгледало дека КПЈ, барем, теоретки го прифаќа македонското национално ослободување и обединување во Југославија или во некоја projугословенска јужнословенска или балканска комунистичка федерација. Југословенска (Вардарска) Македонија наскоро ќе тврди дека е Пиемонт на македонското обединување. Југославија ќе доминира во Македонското прашање сѐ до нејзиното крваво распаѓање во 1990–1991 година. (...)

**Грчка Македонија (1941–1944)**

Од почетокот на војната, Македонското прашање не било само српско/југословенско прашање, туку ги засегало и грчка и бугарска Македонија и соседните држави. Првото заседание на АСНОМ во август 1944 година и тогашното формално основање на македонската република во рамките на Југославија имале далекусежни реперкусии низ целиот Балкан, но неговото влијание било директно и непосредно меѓу Македонците во Грција и во Бугарија, за што ќе говориме во продолжение.

Слично на КПЈ во Југославија, и во Грција КПГ бил единствената политичка партија која го признавала македонскиот национален идентитет и која имала државна стратегија за националното прашање. Исто како и КПЈ, и КПГ го предводел најмоќното движење на отпорот во земјата, Националноослободителниот фронт (ЕАМ) и неговиот вооружен огранок, Грчката народноослободителна војска (ЕЛАС). Стоејќи на својата заложба за општествена револуција, како и КПЈ, КПГ ги бранел и традиционалните национални интереси на Грција. Привлекол многу некомунистички патриоти и планирал по ослободувањето да ја земе власта.

Во почетокот на војната, КПГ не им посветувал посебно внимание на Македонците. На Шестиот и на Седмиот пленум на неговиот Централен комитет, одржани во јуни и во септември 1941 година, биле повикани сите граѓани да се борат против окупаторите, но не ги спомнувале малцинствата. На Осмиот пленум, во јануари 1942 година, и на Сегрчката конференција на КПГ, во декември истата година, се отишло понатаму. Тие ги повикале Македонците да им се придружат на Грците во заедничкиот поход со Бугарите и Србите против



Фото: Жорж Скригин, Кнежполе,1944



Фото: Жорж Скригин,1942

**Регионот имал свој сопствен врховен штаб и македонска партизанска војска со македонски офицери, ги користеле македонскиот јазик за командување и македонско знаме, пропагирале гласно национално ослободување за сите Македонци, а потивко, и национално обединување.**

фашистите и за советска победа, како и за сопствено национално и општествено ослободување. Голем број Македонци се приклучиле кон ЕАМ-ЕЛАС: според официјалните информации на КПГ, во редовните единици служеле 6 000 лица, а имало и 20 000 резервисти.

Но КПГ и ЕАМ-ЕЛАС се соочиле со силна конкуренција за сојузништвото на Македонците. По долгите години запоставеност, угнетување и репресија, тоа претежно селско население се чувствувало отуѓено од грчката држава. Им било тешко да покажат лојалност спрема неа или да им веруваат на неверливите ветувања за еднаквост во некоја идна „народна Грција". Затоа мнозина се одзвале на повикот на италијанската, германската и бугарската окупациска власт и на ВМРО на Михајлов, кои им ветувале ослободување од грчката власт во некоја „слободна", „автономна", „независна" или „обединета" македонска држава. Пропагандата и притисокот ја зајакнувале нивната традиционална и длабока недоверба спрема Грците; како што видовме погоре, овие тела вооружиле многубројни села и регрутирале и опремиле паравоени чети, таканаречените комити, или контрачети, за да се борат на нивна страна.

Но во 1943 година КПГ и ЕАМ-ЕЛАС се соочиле со уште посилна конкуренција. Десничарските и, главно, немакедонски струи биле засенети од моќните настани во вардарскиот регион, кои повлијаеле и врз егејскиот дел. Многумина, вклучително и верните членови на КПГ и следбениците на ЕАМ-ЕЛАС, биле воодушевени од очигледната автономија на регионот во рамките на Титовото движење во Југославија. Освен тоа, движењето ги пленило со неговиот чисто македонски карактер. Регионот имал свој сопствен врховен штаб и македонска партизанска војска со македонски офицери, ги користеле македонскиот јазик за командување и македонско знаме, пропагирале гласно национално ослободување за сите Македонци, а потивко, и национално обединување.

Таквата ситуација драстично се разликувала од практиката во Грција. Агентот на британскиот Штаб за специјални операции, капетан П. Х. Еванс, во врска со ова вели: „ЕЛАС... отсекогаш во своите македонски единици назначувал Грци за офицери и тоа оставало лош впечаток врз славофонските борци во ЕЛАС. Поради тоа тие мислат, како што мислат и цивилите, дека милениумската објава на ЕАМ/ЕЛАС, со ветувањето дека словенските Македонци ќе имаат еднакви привилегии и целосна слобода, не е ништо друго освен реклама: Грција и понатаму ќе ги исклучува од државните служби, од унапредување во војската итн".

Инспирирани од југословенскиот пример, македонските левичари почнале да бараат ослободително движење во Егејска Македонија. Тој став, заедно со сознанието дека имаат право на самоопределување, како што покажала југословенската практика, биле од непроценлива важност за масовно вклучување на Македонците во комунистичкото движење на отпорот на Балканот.

Но КПГ ги отфрлил сите такви предлози. Неговите водачи стравувале дека отворањето на Македонското прашање во Грција ќе ги одврати Грците од КПГ и ЕАМ-ЕЛАС. Сепак, оттогаш па сè до крајот на Граѓанската војна (1947–1949), КПГ сакал да ја одржи и да ја зајакне поддршката меѓу Грците, истовремено обидувајќи се да ги придобие Македонците. Со оглед на тоа што поделбите биле многу длабоки и помирувањето навистина тешко, грчките комунистички лидери манипулирале со прашањето во корист на сопствената партија. Секогаш кога на КПГ му била потребна поддршката на Македонците, им ветувале задоволување на нивните барања и правеле неволни отстапки без да се откажат од контролата врз нив. Кога поддршката повеќе не му била потребна, ги укинувале отстапките

**Василис Барсотас, член на Политбирото и политички комесар во Генералниот штаб на ДАГ, му оддал признание на „овој херојски народ [кој] даде сè... ; си ги жртвуваше децата, имотите, домовите. Секое домаќинство има ранет или загинат [член]".**

и ги игнорирале барањата и проблемот на Македонците во Грција.

(...)

**Македонците на еден нов Балкан (1944–1949)**

Нема сомнение дека народноослободителните движења – АВНОЈ во Југославија и ЕАМ-ЕЛАС во Грција – помогнале во ослободувањето на нивните земји. Сепак, решавачки фактор биле сојузничките успеси во Франција и Италија и советското напредување во Полска и југоисточна Европа. На крајот на војната, на Балканот, главно, владееле комунисти. Македонците ја добиле новата југословенска република, но потенцијалното обединување со Пиринска Македонија се нашло во ќорсокак по советско-југословенското раздвојување во 1948 година. Во Грција, британската интервенција во 1944/45 и американското интервенирање во Граѓанската војна (1947–1949), кое скапо ги чинело тамошните Македонци, ја промениле рамнотежата на силите во корист на екстремната десница, која триумфирала во 1949 година.

(...)

Како и да е, Македонците од грчка Македонија дале клучен придонес за комунистичката страна во Граѓанската војна во Грција. Тие го понесле товарот на војната. Ја населувале средна и западна Егејска Македонија, која се граничела со Југославија и Албанија и каде што се воделе најтешките борби, вклучително и решавачките битки. За време на целата Граѓанска војна, тоа подрачје служело како база за политичките и воените операции на таканареченото демократско движење. Таму се наоѓале штабовите и на КПГ и на неговиот воен огранок, Демократската армија на Грција (ДАГ). Тоа подрачје ги опфаќало и таканаречените ослободени територии – подрачја под контрола на ДАГ кои го формирале неговиот домашен фронт и од каде што се обезбедувало или требало да се обезбедува целото снабдување. Како што изјавил еден учесник и близок набљудувач: „Беа претворени во воени работилници за ДАГ, каде што секој, млад и стар, машко и женско, им служеше на потребите на ДАГ".

Уште позабележителен бил придонесот на Македонците за борбената моќ на левицата. Нивното учество во редовите на бунтовничката војска било масовно во текот на целата борба, пропорционално многу поголемо од релативно ниското учество на грчкото население. Процената за нивната застапеност во ДАГ се движела од повеќе од една четвртина во април 1947 година до повеќе од две третини во средината на 1949 година. Според шефот на Британската воена мисија во окупирана Грција, полковник К. М. Вудхаус, „тие броеја 11 000 од вкупните 25 000 во 1948 година, а 14 000 од вкупните безмалку 20 000 кон средината на 1949". На најкритичните боишта нивниот процент бил дури и уште повисок. Веќе во октомври 1947 година тие сочинувале три четвртини од човечката сила на командата на средна и на западна Македонија. Василис Барсотас, член на Политбирото и политички комесар во Генералниот штаб на ДАГ, му оддал признание на „овој херојски народ [кој] даде сè... ; си ги жртвуваше децата, имотите, домовите. Секое домаќинство има ранет или загинат [член]".

Тито станал главниот патрон на грчките комунисти во нивната борба за власт. Југословените не само што понудиле морална поддршка, туку помогнале Македонците да застанат зад комунистите. Тие станале и клучниот извор на практична помош. Обезбедувале храна, транспортни средства, како и логори, оружје, артилерија и муниција. Се надевале на победа на комунистите во Грција од идеолошки причини, но веројатно, првенствено, поради тоа што очекувале таквата победа, заедно со федерацијата со Бугарија, да го трасира патот кон југословенско решение на Македонското прашање – обединување на Македонија под закрилата на Југославија.

Сталин им ставил крај и на јужнословенската федерација и на македонското обединување. Како што видовме погоре, во 1941 година Советската комунистичка партија застанала на страната на КПЈ во врска со Македонија. Подоцна Сталин ги прифатил почетните потези кон југословенско-бугарска федерација. Но со одминувањето на војната, тој почнал да се сомнева во Тито, кој, за разлика од другите источноевропски комунистички водачи, имал независна основа на власта дома и не зависел од Москва.

Сталиновата недоверба мора да пораснала по војната поради упорната независност на Тито во надворешните односи. Како што забележал Филис Оти, таквиот однос „ја загрозувал фундаменталната основа на советската надворешна политика и претставувал предизвик за комунистичката теорија која се користела за да се прикријат националните цели на Русија". Сталин стравувал дека една југословенско-бугарска или балканска федерација со центар во Белград би можела лесно да ја доведе под прашање советската хегемонија на Балканот, низ источна Европа и во меѓународното комунистичко движење. Поради тоа, кон крајот на 1947 година Сталин им ставил вето на плановите за федерација, а со избивањето на историскиот советско-југословенски спор пролетта 1948 година и исклучувањето на Југославија од Информбирото на 28 јуни 1948 година, биле уништени сите шанси што ги имала комунистичката левица во Граѓанската војна во Грција. Македонското обединување исчезнало во пепелта на судирот Сталин-Тито – првата студена војна што го поделила ко- мунистичкиот блок.

(...)

Ендрју Росос е роден во грчка (Егејска) Македонија. Се школувал во Чехословачка, Канада и во САД, каде што докторирал на Универзитетот Станфорд. Работи како професор по историја на Универзитетот во Торонто, Канада.

Превод: Анета Маркоска-Чубриновска
Извор: Ендрју Росос: Македонија и Македонците, ФИООМ, 2010

## Никола Гелевски

# Посилни од извесноста

Во првиот краток роман на Х. Џ. Велс, *Времеплов* (објавен 1895 година), еден научник заминува во далечната иднина и таму запознава луѓе кои живеат рајски: во ведрина, безделништво, изобилие. Единствената забрана е излегувањето ноќе, бидејќи на нив тогаш демнат гнасните креатури од подземјето, далечните потомци на некогашната работничка класа. За сето тоа блажениот народ кој живее денски нема јасна претстава, бидејќи нема никакво сеќавање ниту на претходниот час, а камоли на далечното минато: неосетливи за страдањето на пријателот кој се дави, потполно незаинтересирани за странецот кој патува низ времето, овие луѓе живеат во потполна и колективна амнезија, а единственото чувство што го познаваат е - стравот.

Македонскиот народ денес по многу нешта наликува на народот од романот на Велс. Лагата и симулацијата го достигнаа врвот, а ноќта стана непрекинат ден. Изминатите неколку години секојдневно и агресивно ни се испорачуваше не само една сосема вештачка слика за македонската историја, наменета за пропагандните цели на режимот, туку секојдневно и бескрупулозно се шминка и сликата на невеселата сегашност.

**неосетливи за страдањето на пријателот кој се дави, потполно незаинтересирани за странецот кој патува низ времето, овие луѓе живеат во потполна и колективна амнезија, а единственото чувство што го познаваат е - стравот**

Токму затоа јубилејот, Седумдесетгодишнината од започнувањето на антифашистичката народно-ослободителна борба, денес ни дава шанса барем делумно да излеземе од кулисите на груевистичкиот „рај“. Денешниот јубилеј треба да ни овозможи да ги поврземе временските рамништа низ кои живееме; минатото, сегашноста и иднината неодвоиво го сочинуваат заплетканото клопче на нашите животи. Вистина, тие никогаш не можат да бидат осознаени во нивната целокупност и никогаш не можат да бидат осознаени со извесност. Ернст Блох зборува за “темнината на проживеаниот момент”, за онаа структура на нашето историско постоење која ни оневозможува кога било да бидеме современици со својата сегашност. Тоа значи дека секое политичко дејствување мора да биде мислено со оглед на оваа темнина, на слепилото и неизвесноста, со оглед на она што Бенјамин често го нарекува “опасност”.

**“Историски да се артикулира минатото не значи да се осознае ‘какво всушност тоа било’. Тоа значи да се овладее со сеќавањето онака како што тоа заблеснува во моментот на опасност.”**

“Настаните кои го опкружуваат историчарот и во коишто тој учествува ... се наоѓаат во позадината на неговото претставување, како еден текст пишуван со невидливо мастило”, објаснува Валтер Бенјамин, еден од најзначајните политички аналитичари во 20-иот век. “Историски да се артикулира минатото не значи да се осознае ‘какво всушност тоа било’. Тоа значи да се овладее со сеќавањето онака како што тоа заблеснува во моментот на опасност.” Бенјамин го одредува моментот на опасност и како момент во кој потчинетите класи чувствуваат дека ќе ги “преплави” конформизмот - тоа е, значи, момент во кој тие чувствуваат дека се изложени на ризикот да станат инструменти на сопственото потчинување.

Ми се чини дека на македонскиот народ денес, под груевизмот, му се случува токму тоа: самопотчинување, т.е. диригирано слепило пред опасноста на историскиот момент. Конформизмот на убавата слика за себе го игнорира „моментот на опасноста“, т.е. самата реалност. Поинаку речено, за денешните Македонци многу опасни можат да се покажат повиците за „будење“ и за ново национално себедефинирање. Од историјата знаеме дека дури и ветувањето на напредокот и новиот идентитет често осцилира меѓу револуционерното и реакционерното - нема подобар и позастрашувачки пример за тоа од германскиот национал-социјализам во триесеттите години од минатиот век.

Фасцинирани од својата потставена национална слика, анестезирани од режимското произведување „рај“, ние денес стаписано им се препуштаме на опасностите и неизвесностите, наместо порешително и подлабоко да го погледнеме, меѓу другото, и огледалото на минатото. Погледот во тоа огледало ќе ни покаже, на пример, колку е апсурден и перверзен обидот на груевизмот во својата прождирачка орбита (на едно тотално владеење) да го инкорпорира дури и антифашизмот! Гледајќи во огледалото на минатото, токму со гнасење треба да го отфрлиме фашистичкото „национализирање“ (реквизиција) на антифашизмот, т.е. мешањето (како восокот во лажните музеи да трпи сè?!) на партизанот Кузман Јосифовски Питу, на пример, со ординарниот злосторник и фашист Ванчо Михајлов.

И токму (во тој аспект негативно) поучени од комунистичкото минато, политиката, пак, треба да престанеме да ја гледаме само како тоталитет и општа контрола (груевизмот тука ги следи најлошите аспекти на владеењето на комунистите); за промена, можеби треба да почнеме политиката да ја согледуваме како постепена еманципација (тоа беше добрата страна на социјализмот), како етика и одговорност, а не исклучиво како сила и моќ. Се разбира, како што вели Едуардо Кавада, „доколку нашите етичко-политички одговорности се обидуваат да ги минимизираат опасностите, неизвесностите и моментите на незнаење (за да нè уверат во илузијата за нашата сигурност, за да ги потврдат нашите добри уверувања или добрата совест), тогаш тие се изложуваат на ризикот да станат нешто што се разликува од политичкото, етичкото и одговорното“.

Кавада (стручњакот за Бенјамин), и покрај сè, е оптимист; со оглед на тоа дека политичката одговорност секогаш е без модел или гаранција, можно е токму таму каде што извесностите почнуваат да слабеат и да исчезнуваат, ние луѓето да започнеме да ја собираме силата која е посилна од секоја извесност. Тоа е истата онаа сила која ги придвижи македонските партизани пред седумдесет години да му се спротистават на фашизмот.



Франце Михелич, Мртовечка птица, 1944

## Народни партизански песни

Пред крај на јуни 1943 година, во Македонија се појави првата збирка, „Македонски народно-ослободителни песни“ редактирана од Коста Рацин, непосредно пред неговата смрт. Збирката, која што содржеше дваесет песни пеани од партизаните и народот во оние денои кога народното востание сè повеќе се разгоруеше, беше печатена во примитивната партизанска печатница „Гоце Делчев“ во Лопушник (Кичевско). Тиражот беше многу скромен - неколку стотини примерци - од простите причини што не се располагаше со многу хартија и што „капацитетот“ на дрвената печатница не позволуеше повеќе. Тоа беше прв обид да се соберат во една печатена збирка оние песни со кои што умираа нашите борци, песни во кои што се викаше нашето село, нашиот град на решителна „борба за народна Слобода“.

*дел од предговорот на*
*Владо Малески - Тале*

***

Ајдете браќа,
сите содружно,
да ги скршиме
ропските синџири
Сите содружно
в бој да тргнеме,
в бој за слободна
Македонија!
Доста е ропство,
доста тиранство,
доста трпевме
клети фашисти!

***

Абре Македонче,
каде се спремаш?
Борба те чека,
борба за слобода.
Момци накитени,
моми наредени,
в борба ми влагат,
борба за слобода.
Нека разберат
крвави фашисти:
македонско име
нема да загине!
Советска Русија
и Македонија!
Советска Русија
голема држава
и она ми брои
двесте милиони.

***

Таму нема веке
гол и бос да одеш,
многу да работеш –
пак за леб да трпеш.
Таму нема веке
гадове буржуи,
и клети шпиуни.
Советска Русија
и Македонија!

***

Ај што ми е мило и драго
млада партизанка да станам,
на Пелистерска планина,
на Лавчанската корија,
кај дванајсетте кладенци.
Таму си клетва зедовме
со фашисти да се биеме,
слобода да добиеме
за ваша Македонија!

***

Давај ме, мила мамо, давај ме
за што ме срце, мамо, тргнало:
млада партизанка да станам,
Козјак планина да идам,
Карпуш војвода да видам.
Пушкоитролезот да носам,
клети фашисти да косам.

***

Другари, верни другари!
Кога ќе вие сјодите,
крај село да помините,
на мајка ми да кажите–
што Панде падна загина
од тешки бумби фашиски.
Мајка ми да ме жалеи
дури и гледат очите,
либето да не ме жали,
оти ми беше неверно.

собрал и редактирал:
Блаже Конески

**Бранимир Стојановиќ**

# Политиката на партизаните

## Традицијата е заборавање на потеклото.
**Maurice Merleau-Ponty**


Доре Клеменчич Мај,
Ранетиот ѕвер бега, 1944

Како да се сфати „дваесеттиот век"? Можеби би требало да почнеме со едноставното прашање: кога тој почнува и кога завршува? Поточно, дали 20-от век го прават сто години постоење?

Прашањето за почетокот и крајот на векот го отвора метонимискиот ланец кој несопирливо произведува цела низа почетоци и краеви на 20-от век? Значи: дали почетокот на дваесеттиот век коинцидира со пионерската работа на Фројд на книгата „Толкување на соништата", или со избивањето на Првата светска војна, со „Црн квадрат на црна основа" на Казимир Маљевич или со Октомвриската револуција? Односно, дали неговиот крај коинцидира со падот на Берлинскиот ѕид, етничките војни во Југославија или завршувањето на Културната револуција во Кина?

И понатаму, дали 20-от век може да се именува како век на револуции, светски војни, екстремно насилство, граѓански војни? Како век на жртви, односно, на радикално зло? Како век на дефинитивна победа на еден тип модерност – либерално-капиталистичкиот? Зарем досега, низ овие реторички прашања или гласови кои кружат и го именуваат 20-от век, веќе не откривме три различни века, три мали века во рамки на еден век и три негови различни почетоци и краеви: од кои ниеден не се совпаѓа со „стоте години на дваесеттиот век". Векот на револуции започна со Октомвриската револуција во 1917 г. и заврши со спектакуларниот пад на Берлинскиот ѕид, т.е. со распадот на СССР; векот на жртви и радикално зло започна со националсоцијалистичкиот и сталинистичкиот терор во 1930-те и заврши со крајот на Втората светска војна. Векот на победа на либерализмот, како хегемон тип на модерноста, започна по Втората светска војна за да триумфира на крајот од векот.

Меѓутоа, 20-от век е и век на Југославија: едно од имињата за 20-от век би можело да биде и „Југославија", бидејќи Југославија е второто име за неможноста дваесеттиот век да го видиме поинаку освен како, поделен во себе, антагонизиран и неконзистентен век. Југославија е име кое истовремено означува: оптимистички почеток на дваесеттиот век, идеја дека е можно името на една држава во Европа да не коинцидира со името на ниедна постоечка нација, и самрачен крај одбележан со екстремно насилство и разоружување. Името „Југославија" повеќе не го носи ниедна држава.

Последната држава која го носеше тоа име, Сојузна Република Југославија, беше убиствена, мрачна чума која, на крајот – заплеткана во парадоксите на теророт во име на една нација – дефинитивно го закопа тоа име кое отсекогаш претендираше да биде збирно име за Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, и која беше дел од санитарниот кордон на Европа, реакционерна творба која служеше за одбрана од болшевичката опасност. Ако првата и последната Југославија се чеда на своите времиња, произведи на две различни ери на контрареволуции, што е со втората Југославија, онаа која настана по Втората светска војна – Социјалистичка Федеративна Република Југославија? Денес таа на сите нејзини современици им се чини како сосем непотребна, како неартикулиран вишок кој се заканува, како историска грешка по себе и за себе. Од ерата на контрареволуциите и реставрациите, секоја револуционерна творба се гледа како насилна, непотребна, излишна, утопистичка, како историска грешка која треба да се заборави и потисне што е можно побрзо, која не треба повеќе да се повтори. Меѓутоа, како да ја именуваме таа грешка, односно како контрареволуцијата ја именува таа грешка? Мислам дека многу лесно ќе дојдеме до заедничкото име на таа грешка, а тоа е – Народноослободителната војна (НОБ). Грешката на НОБ е во тоа што влезе во борба кога борбата не беше можна, односно, што ја „изуми" војната која ѝ се спротивстави на војната, војна која ѝ се спротивстави на националсоцијалистичката идеологија на војната.

Но, што се случи случи со војната во 20-от век? Дали војната во дваесеттиот век добива сосем нов облик? Концептот на војна од 19-от век, оној кој Хегел го сфаќаше и артикулираше како конститутивен момент на самосвеста на народот, наполеоновската војна – војна како креатор на националната свест во дваесеттиот век, повеќе не важи, посебно по Првата светска војна. Првата светска војна е чудовишна војна без исход, мрачна касапница на народите, нешто што не може да се сфати поинаку освен како дефинитивен повик за мир, мир по секоја цена. Со други зборови, Првата светска војна за нејзините современици е завршена со повикот за вечен мир. Првата Југославија настанала како производ на пацифистичката идеологија и таа е непосреден производ на идеологијата „мир по секоја цена". Од друга страна, постои и онаа линија која извлече сосем различен заклучок од касапницата на народите во Првата светска војна. Тоа е идеолошкиот конструкт на националсоцијализмот кој Првата светска војна ја сфаќа како лоша војна, војна без исход, војна која треба да биде заменета од една добра, империјална, национална и расна војна, решителна, последна војна која треба да биде основа за илјадагодишното царство.

Ако доминантната свест на Европа меѓу двете светски војни била „никогаш повеќе војна" и „мир по секоја цена", што станува универзална форма на исказ на пацифизмот на 20-от век, тогаш европскиот пацифизам меѓу двете војни станува политички облик на соработка и капитулација пред националсоцијалистичката тотална војна. „Мир по секоја цена" не е ништо друго освен мир по секоја цена со тоталната, апсолутна војна на националсоцијализмот.

Меѓутоа, постои и трет одговор на оваа ситуација, а тоа е одговорот кој воведува еден сосем нов однос меѓу војната и политиката во Европа, а тоа е – револуционерната војна која ја создаде НОБ на Титовите партизани. Значи, фигурата на партизаните која толку го исплаши Карл Шмит, и која за него е најголемата чума на 20-от век, не претставува ништо друго освен нова фигура на војната – револуционерна војна. Според најголемиот теоретичар и практичар на револуционерната војна, Мао Цетунг, револуционерната војна треба да донесе траен мир кој, според својата структура, е контрареволуционерна војна. Револуционерната војна е војна која е политички праведна и како таква се спротивставува на политички неправедната војна, и таа за цел има со војна да ја победи војната. Значи, според својата структура, војната која треба да ја победи војната и да произведе траен мир е војна која не се случува како операција на државата туку е творба на своите борци, пролетери и селани. Нејзините услови повеќе не се победа на една држава над друга туку победа над војната како војна, што е субјективен услов, независен од секој објективитет, значи, тотална војна, апсолутен конфликт, конфликт како таков, тотален конфликт и конфликт за секој дел од тоталитетот.

Превод: Владимир Јанковски
Извор: Prelom 5

**Југославија е име кое истовремено означува: оптимистички почеток на дваесеттиот век, идеја дека е можно името на една држава во Европа да не коинцидира со името на ниедна постоечка нација, и самрачен крај одбележан со екстремно насилство и разоружување.**

---

The Partisan е песна која се најде на албумот на Leonard Cohen, Songs from a Room, од 1969 година. The Partisan е адаптација на Hy Zaret на славната француска песна La complainte du partisan - песна што зборува за францускoто движење на отпорот кое во Втората светска војна се бореше против нацистичката германска окупација. La complainte du partisan е снимена во Лондон во 1943, а нејзини автори се Emmanuel D'Astier de la Vigerie и Anna Marly.

**Партизанот**

Кога нагрнаа преку границата
ми рекоа да се предадам,
но тоа не го можев;
го земав пиштолот и исчезнав.
Толку пати го сменив името,
ги изгубив жената и децата,
ама имам многу пријатели,
дел од нив се со мене.

Постара жена ни даде засолниште,
нѐ чуваше сокриени на таванот,
и тогаш дојдоа војниците;
таа умре без шепот.

Бевме тројца утрово,
вечерва останав сам,
но морам да продолжам;
границите се мојот затвор.

О, ветрот, ветрот дува,
низ гробиштата ветрот дува,
слободата наскоро ќе дојде;
и тогаш ќе излеземе од сенките.

Les Allemands e'taient chez moi,
(Германците беа во мојот дом)
ils me dirent, "Signe toi," (Ми рекоа
„Запиши се")
mais je n'ai pas peur; (Но не се плашам)
j'ai repris mon arme. (Повторно си
го земав оружјето.)

J'ai change' cent fois de nom, (Името сто пати го сменив)
j'ai perdu femme et enfants (Ги изгубив жената и децата)
mais j'ai tant d'amis; (Но имам многу пријатели)
j'ai la France entie`re. (Ја имам цела Франција.)

Un vieil homme dans un grenier
(Старец, на таванот)
pour la nuit nous a cache', (Нѐ сокри вечерта)
les Allemands l'ont pris; (Германците го фатија)
il est mort sans surprise. (Умре неизненаден.)

О, ветрот, ветрот дува,
низ гробиштата ветрот дува,
слободата наскоро ќе дојде;
и тогаш ќе излеземе од сенките.

**The Partisan**

When they poured across the border
I was cautioned to surrender,
this I could not do;
I took my gun and vanished.
I have changed my name so often,
I've lost my wife and children
but I have many friends,
and some of them are with me.

An old woman gave us shelter,
kept us hidden in the garret,
then the soldiers came;
she died without a whisper.

There were three of us this morning
I'm the only one this evening
but I must go on;
the frontiers are my prison.

Oh, the wind, the wind is blowing,
through the graves the wind is
blowing,
freedom soon will come;
then we'll come from the shadows.

Les Allemands e'taient chez moi,
(The Germans were at my home)
ils me dirent, "Signe toi," (They said,
"Sign yourself,")
mais je n'ai pas peur; (But I am not
afraid)
j'ai repris mon arme. (I have retaken
my weapon.)

J'ai change' cent fois de nom, (I have
changed names a hundred times)
j'ai perdu femme et enfants (I have
lost wife and children)
mais j'ai tant d'amis; (But I have so
many friends)
j'ai la France entie`re. (I have all of
France.)

Un vieil homme dans un grenier (An
old man, in an attic)
pour la nuit nous a cache', (Hid us
for the night)
les Allemands l'ont pris; (The
Germans captured him)
il est mort sans surprise. (He died
without surprise.)

Oh, the wind, the wind is blowing,
through the graves the wind is
blowing,
freedom soon will come;
then we'll come from the shadows.

превод: Тања Малеска

# Сликите на Тито












Уште Ниче согледал дека постојат три начини да се разгледува историјата: монументален, антикварен и критички. Кога е во прашање Тито, антикварниот начин го бранеше службената комунистичка историографија од неговото време; монументалното разбирање на националното го ползува историографијата по падот на социјализмот; третото, критичко разгледување најмалку може да се инструментализира.

Тодор Куљиќ, „Тито", Зрењанин 2005

(...) Тито не беше упропастувач, туку вешт државник, којшто и грешеше. Титовиот култ во социјализмот имаше космополитска, но и конзервативна улога, а по падот на социјализмот, демонизацијата на Тито беше важен сегмент на новата општествено-интегративна мисла. Тито треба да се гледа во рамките на неговото време, но секогаш треба да се има на ум и улогата на неговата слика во современоста.

(...) Доаѓаат генерации кои не го помнат Тито, за нив тој е само симбол на минатото. Мислењето за него тие го формираат посредно. Промената на генерациите нужно води кон историзација на социјализмот. Веќе не станува збор за тоа што навистина се случило, туку за тоа како минатото се претставува и осовременува. Сè повеќе станува збор за употреба на минатото, а посредниците на минатото стануваат позначајни од самото минато.









## Умберто Еко

# Прафашизам

Б. Прокоров, Фашизмот е непријател на културата, 1939




**1.** Првото обележје на прафашизмот е култот на традицијата. Се разбира, традиционализмот е многу постар од фашизмот. Тој не беше типичен само за контрареволуционерното католичко мислење по Француската револуција, туку настанал уште во доцното хеленистичко раздобје како реакција на класичниот грчки рационализам. Во медитеранскиот простор луѓето од различни религии (милостиво прифатени, во поголем дел, од римскиот пантеон) почнале да сонуваат за објавата примена во зората на човечката историја. Таа објава, според традиционалната мистика, долго време остана скриена под велот на заборавените јазици - во египетските хиероглифи, меѓу келтските руни, во пергаментите на слабо познатите религии на Азија.

**Првото обележје на прафашизмот е култот на традицијата.**

Таа нова култура морала да биде синкретистичка. Синкретизмот не е само, како што вели речникот, "комбинација на различни верски форми или верски практики"; таквата комбинација мора да ги толерира противречностите. Секоја од изворните пораки содржи една ронка од мудроста и понекогаш изгледа дека тие зборуваат различни и неспоиви нешта; тоа е само затоа што сите тие алудираат, алегорично, на истата изворна вистина.

Затоа не може да има никаков напредок во осознавањето. Вистината еднаш засекогаш е објавена и нам само ни преостанува да ја протолкуваме нејзината опскурна порака.

Доволно е само да се погледне програмата на било кое фашистичко движење за да се пронајдат главните традиционалистички мислители. Нацистичката гноза се хранеше од традиционалистичките, синкретистички, окултни елементи. Највлијателниот зачетник на теориите на новата италијанска десница, Јулиус Евола, ги стопи Светиот грал и Протоколите на сионските мудреци, алхемијата со Светото римско и со германското царство. Тоа што италијанската десница од неодамна го збогати својот канон со делата на Де Мејстр, Генон и Грамши, за да ја демонстрира својата отвореност, доказ е за синкретизмот.

Ако човек по американските книжари продушка по полиците со етикетата њу ејџ, ќе го најде таму дури и свети Августин, кој, според она што јас го знам, не бил никаков фашист. Но, да се поврзе Августин со Стоунхенџ - тоа е симптом на прафашизмот.

**2.** Традиционализмот имплицира отфрлување на модерната. Како фашистите така и нацистите ја почитуваа технологијата, додека традиционалистичките мислители обично ја отфрлаат како негација на традиционалните духовни вредности. Меѓутоа, иако нацизмот беше горд на своите индустриски достигнувања, неговиот модернизам лежеше само на површината на една идеологија темелена на крвта и тлото (Blut und Bloden). Одбивањето на модерниот свет се камуфлираше како одбивање на капиталистичкиот начин на живот, но во прв ред стануваше збор за одбивање на духот од 1789. (и 1776., се разбира). Просветеноста, векот на умот, се смета како почеток на модерното изопачување. Во таа смисла прафашизмот може да се дефинира како ирационализам.

**3.** Ирационализмот исто така е зависен од култот на акција поради акција. Една во себе убава акција мора да успее пред мислењето или во потполност без мислењето. Мислењето е форма на кастрација. Оттаму културата станува сомнителна штом ќе се идентификува со критичките ставови.

Недовербата спрема светот на интелектот секогаш била симптом на прафашизмот, од Геринговиот отворен став ("Кога ќе го слушнам зборот култура, се фаќам за пиштолот") до честата употреба на изразите какви што се "дегенерирани интелектуалци", "јајцеглавци", "јалови снобови", "универзитетите се гнезда на црвените" итн. Службените фашистички интелектуалци главно беа ангажирани на напаѓањето врз модерната култура и либералната интелигенција поради предавство на традиционалните вредности.

**4.** Никаква синкретистичка вера не може да ѝ се спротивстави на аналитичката критика. Критичкиот дух спроведува разликувања. Во модерната култура научната заедница го фали неслагањето како нешто корисно за збогатување на знаењето. За прафашизмот неслагањето е предавство.

**5.** Впрочем, разликите во мислењето се знак на разноликоста. Прафашизмот расте и бара поддршка така што го користи и заострува природниот страв од различното. Првиот апел на едно фашистичко или предфашистичко движење е насочен против дојдениците. Така прафашизмот по дефиниција е расистички.

**6.** Прафашизмот настанал од индивидуалната или социјална фрустрација. Затоа кон типичните обележја на историскиот фашизам припаѓа апелот кон фрустрираната средна класа, која страда под економска криза или под чувството на политичко понижување и којашто се плаши од притисоците на социјалните групи одоздола. Во нашево време, кога старите "пролетери" станаа малограѓани (а лумпенпролетерите главно се исклучени од политичката сцена) фашизмот на утрешнината ќе ја најде својата публика во тоа ново мнозинство.

**7.** На луѓето коишто чувствуваат дека им е грабнат нивниот сопствен социјален идентитет, прафашизмот им доделува една единствена и најчеста привилегија: дека се родени во иста земја. Тоа е извор на национализмот. Освен тоа, една нација доаѓа до идентитет само црпејќи од своите непријатели. Затоа во корените на прафашистичката психологија лежи опсесијата на завера; најдобро е меѓународна завера. Следбениците мораат да се чувствуваат опколени. Таа звера најлесно се надминува со повик за омраза кон странците. Но заверата може да дојде и однатре: Евреите обично се најдобра цел бидејќи ја имаат таа предност едновремено да се и внатре и вон. Во САД една проминентна инстанца на оваа опсесија на завера може да се препознае во The New World Order на Пет Робертсон, но, како што неодамна видовме, има и многу други.

**8.** Следбениците мораат да се чувствуваат понижени од очигледното богатство и моќ на своите непријатели. Кога бев момче ме научија да мислам за Англичаните како за народ со пет оброци. Тие јадеа почесто од сиромашните но умерени Италијани. Евреите се богати и меѓусебно се помагаат низ тајни мрежи на взаемна поддршка.

Следбениците, меѓутоа, исто така мораат да бидат уверени дека можат да ги победат своите непријатели. Така, со непрекинато придвижување на реторичкиот фокус непријателите истовремено се и премногу силни и премногу слаби. Фашистичките влади осудени се на тоа да ги губат војните, бидејќи конститутивно се неспособни реално да ја проценат силата на непријателот.

**9.** Во прафашизмот не постои борба за живот, напротив, животот се живее само поради борбата. Поради тоа, Пацифизмот е колаборација со непријателот. Тој е лош, бидејќи животот е непрекината борба. Тоа пак води кон армагедон комплексот. Бидејќи непријателите мораат да бидат победени, нужна е една решителна битка по која движењето ќе завладее со светот. Таквото "конечно решение" имплицира одново едно раздобје на мир, ново златно доба, што му противречи на начелото на непрекинатата војна. Ниеден фашистички водач никогаш не успеал да го реши тој проблем.

**Во таа смисла прафашизмот може да се дефинира како ирационализам.**

**10.** Елитизмот е типичен аспект на секоја реакционарна идеологија, доколку во основа е аристократски, а аристократскиот и милитаристичкиот елитизам имаат едно сурово обележје - презирање на послабите. Прафашизмот може да биде застапуван само од еден популарен елитизам. Секој граѓанин му припаѓа на најдобриот народ на светот, најдобрите граѓани се членови на партијата, секој граѓанин може (или треба) да ѝ пристапи на партијата. Меѓутоа, без плебејци нема патриции.

Водачот знае дека неговата моќ не е демократски пренесена врз него туку е насилно освоена и нему исто така му е јасно дека неговата снага произлегува од слабоста на масите; тие се толку слаби што им треба водач.

А бидејќи групата е хиерархиски организирана (според војничкиот модел), секој од пониските водачи ги презира своите потчинети, како што и секој од потчинетиве ги презира оние нему потчинети. Тоа ја засилува свеста за масовниот елитизам.

**11.** Во една таква перспектива секој се одгледува за јунаштво. Во секоја митологија јунакот е извонредно суштество, но во прафашистичката идеологија јунаштвото е норма. Овој култ на јунаштвото најтесно е поврзан со култот на смртта. Не беше случајно што мотото на фалангистите гласеше: "Вива ла Муерте!" ("Да живее Смртта").

Во нефашистичките општества за лаиците смртта се смета како една непријатна појава што треба да се пречека достоинствено; на верникот, смртта му е болен пат кон неземската среќа. Спротивно од тоа, прафашистичкиот јунак бара јуначка смрт како најдобра награда за јуначкиот живот. Прафашистичкиот јунак ја очекува смртта со нетрпение. Во своето нетрпение тој најчесто другите ги праќа во смрт.

**12.** Бидејќи бесконечната војна и хероизмот навистина се тешки игри, фашистот својата волја за моќ ја пренесува на сексуалноста. Овде лежи изворот на мачизмот (во кој освен презирот кон жените спаѓа и насилничката нетолерантност спрема невообичаените сексуални навики, од невиноста до хомосексуалноста). А бидејќи и сексуалноста е сложена игра, прафашистот е наклонет кон игрите со оружје - настанува фаличката ерсац вежба.

**13.** Прафашизмот се темели врз еден селективен популизам, врз еден речиси квалитативен популизам. Во демократијата граѓаните имаат индивидуални права, но земени во целина тие поседуваат политичко влијание само со оглед на едно квантитативно гледиште - се следат одлуките на мнозинството. За прафашизмот индивидуите како индивидуи немаат никакви права, додека народот, напротив, е сфатен како квалитет, како монолитен ентитет кој ја изразува заедничката волја. А бидејќи големиот квантитет од луѓе не може да има никаква заедничка волја, водачот се претставува како нејзин толкувач.

Губејќи ја својата делегирана моќ, граѓаните веќе не дејствуваат; тие се повикуваат само тогаш кога треба да се одигра улогата на народот. Затоа народот и не е ништо друго освен една театрална фикција. Како добар пример за тој квалитативен популизам веќе не ни се потребни Пјаца Венеција во Рим или Нирнбершкиот стадион. Во иднината нè чека еден ТВ- или Интернет-популизам во кој емоционалната реакција на некоја одбрана група на граѓани ќе може да биде претставена и прифатена како глас на народот.

На темелот на својот квалитативен популизам прафашизмот мора да биде против "гнилата" парламентарна власт." Една од првите реченици на Мусолини во италијанскиот парламент беше: "Ова глуво и мрачно место можев да го претворам во логор за моите манипули" - "манипули" се единиците од коишто се состоела традиционалната римска легија. Всушност, тој веднаш пронајде подобро сместување за своите манипули, но нешто подоцна го ликвидира и парламентот. Таму каде што некој политичар ја доведува во прашање легитимноста на парламентот затоа што тој веќе не ја изразува волјата на народот, тука смрди на прафашизам.

**Прафашизмот настанал од индивидуалната или социјална фрустрација.**

**14.** Прафашизмот зборува новоговор. Орвел во "1984" го измисли њу спик како службен јазик на Ингсоц, англискиот социјализам. Но елементите на прафашизмот се заеднички за различни форми на диктатура. Сите нацистички или фашистички школски учебници се служеа со осиромашен вокабулар и со елементарна синтакса, за да можат во корен да ги сосечат инструментите на комплексното и критичко мислење. Но, мораме да се подготвиме и за други форми на новоговор, дури и кога се појавуваат во наизглед невиниот облик на популарниот talk show.

превод: П. Вулкански

Уредник на изданието: Никола Гелевски
Графичко уредување: КОМА
Печатењето го овозможи: ФООМ
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА